СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од првото  продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 1997 година

Скопје, мај 1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 67-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 21. МАЈ 1997 год.**


Дискутанти:

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 110, 112
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 10 ,13
3. АТАНАСОВ ЃОРЃИ - 24, 27, 89 Т
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 101, 104
5. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 56
6. ДАВЧЕВ САНДЕ - 3
7. ЖУТА БЕЌИР - 83 (минис.за стопанство)
8. ЗИБЕРИ НАСЕР - 95, 99 ( мин.за труд)
9. КАРОВ ИЛИЈА - 30, 36
10. МАЉИЧИ НАЗМИ - 51
11. МАЛИНСКА ПЕРСИДА - 49
12. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 7 ( води седн.)
13. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 47, 76
14. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 ( води седн)
15. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА - 65
16. ПЕЦОВ МИРКО - 85, 87, 98
17. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 107
18. РУЖИН НАНО - 94, 95
19. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 63, 64, 104
20. РИСТЕВСКИ МИТКО - 59
21. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 42, 47, 78, 79, 91
22. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦЕ - 40
25. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 21, 81
24. ТАИРИ МЕВЉАН - 73, 112
25. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 1
26. ТРАЈКОВ РИСТО - 7
27. ЧАПОВ СЛАВЧО - 53, 55
28. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 15, 18.

Дневен ред:

Т.13 – Пред.за дон.на Закон за водите. Стр.1

Т.14 – Пред.за дон.на Зак.за вршење на занаетчиска дејн. Стр. 72

Т.15 – Пред.за дон.на Закон за измен.на Зак.за пенз.и инвал.осиг. стр. 85

Т.16 – Пред.одлука за организ.и делокруг на Службите на Сообр.на РМ. Стр. 100


- седницата продолжува –

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од првото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 , со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги молам пратениците да си седнат на своите места.

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Шеесет и седмата седница на Собранието.

Пратениците Кире Видимче, Панче Насев, Симон Наумовски, Зоран Крстевски, Тодосија Паунов, Димче Настевски и Љубомир Чадиковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за води

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Проблемите што се присутни на релацијата водостопанство-земјоделци заради давачките за наводнување и одводнување што им се наметнати да ги плаќаат пред близу три децении и сеуште ги плаќаат беа повод во изминатиот период повеќе пратеници на повеќе наврати од оваа говорница да бараат брзо донесување на новиот закон за води со

надеж дека со него ќе се изнајдат соодветни решенија за проблемите за кои станува збор .

Дека во новиот систем на пазарно стопанисување давачките за наводнување и одводнување ќе се мерат според правилата на пазарот Кој земјоделец колку наводнува или одводнува толку ќе плати, а никако во стариот систем наводнувал не наводнувал или одводнувал неодводнува мора да се плати. Или, како што вели народот "јал не јал три ипол".

Господа пратеници, овие односи од социјализмот во кои селаните долго време беа полначи на буџетот на државата во нашето водостопанство се присутни и ден денеска. Денеска на сила е стариот закон за води. Во него се собираат давачките за наводнување и одводнување, а долго време работиме во нов систем со нови односи, меѓутоа, со стар закон од социјализмот.

Ете, од овие причини се бараше донесување на новиот закон за води за замена на стариот закон за води кој, како што е познато, е целосно испартален од страна на Уставниот суд на Македонија по барање на земјоделците заради некои нелогичности што беа вклучени во него.

Што се однесува до Предлогот за донесување на законот за води и јас како и другите пратеници го прифаќам и се залагам тој, што побргу,да се донесе. Се знае зошто. Овој закон односно, според мене, многуте земјоделци за мал устав за живото и работата на државата, бидејќи без вода нема ни живот ни работа, е закон со кој треба да се регулираат сите односи во нашето водостопанство и тоа во подолго време да биде она што треба да биде за државата односно фактор за храна и струја, да работи според моделите на водостопанството на современа Европа.

Зошто овој закон неколку години неможеше да излезе од вратите на Министерството за земјоделство или пак од водата, не ни е познато, ние сменивме два министри за земјоделство, двата не најдоа сили да го

пуштат во процедура овој закон, меѓутоа, овој министер изгледа изнајде сили и го понуди овој закон.

Веднаш да кажам дека првата верзија на законот за води е добра и дава гаранција за изработка на добар закон за води со кој ќе се надминат сегашните проблеми во македонското водостопанство и тоа, како што реков пред малку, ќе почне да работи онака како што треба да работи односно по терковите на современа Европа.

Моите забелешки по првата верзија на законот за водите се однесуваат на неколку прашања.

Прво, на прашањето за формирање на едно јавно претпријатие за водостопанство во нашата држава;

Второ, надоместоците за наводнување и одводнување и

Трето, за формирањето на цените на услугите што ќе ги прават за наводнување и одводнување водостопанските претпријатија спрема селаните.

Според стариот Закон за водите во нашата држава постоеја повеќе водостопански организации. Битола имаше две,едната се викаше и се вика Водостопанско претпријатие "Пелагонија", а другата ХМС "Стрежево". Едната водостопанска организација земјоделците ја познаваат по тоа што бара пари за наводнување, а другата што бара пари за одводнување.

По донесувањето на овој закон и едната и другата треба да бидат во состав на единственото јавно претпријатие за водостопанство на Македонија. Какви ќе бидат ефектите од новото организирање на македонското водостопанство ќе покаже иднината. Меѓутоа, јас мислам дека е подобро овие претпријатија да продолжат со работа како досега или, ако неможе тоа, да се оди на формирање на неколку јавни претпријатија по водни подрачја и региони. Зошто на пример, во четирите пелагониски општини Битола, Прилеп, Крушево и Демир Хисар да не посто единствено јавно претпријатие на ова подрачје.

Инаку, според овој закон по неговото донесување сите водостопански објекти што се наоѓаат во сите краишта на нашата држава барем така се предвидува во оваа верзија на законот, треба да бидат во сопственост на државата.

Почитувани пратеници, системот Стрежево е граден со пари на државата и пари од земјоделците и стопанските организации што делува во стариот систем. Приватните земјоделци од 36 битолски села седум години плаќаа придонес за изградба на "Стрежево", плаќаа по 25% давачи на нивниот катастарски приход. Тоа беше голема пара и голема помош за изградбата на системот "Стрежево" кој, како што е познато, се градеше во време на една голема беспарица во државата.

Во аналите на изградбата на ваквите системи во нашата држава не постои друг пример за учество на земјоделците во изградбата на вакви хидросистеми. Токму затоа со оглед на ваквата состојба со изградбата на овој хидросистем, предлагачот на новиот закон за водите мора да размисли дали "Стрежево " треба да биде вклучен во единственото јавно претпријатие за водостопанство или тоа да продолжи да работи онака како што работи до сега. Во стариот систем на селаните им беа нанесени големи неправди. Болките од аграрната реформа, национализации присилна арондација и експропријација потоа земјоделскиот максимум, селанските работни задруги сеуште не се преболени. Да не дозволиме "Стрежево" да донесе нови вакви болки на подрачјето на битолскиот дел на Пелагонија. Во "Стрежево" земјоделците имаат вложено свои средства и сигурно тие ќе сторат се тие и натаму да бидат нивни, "Стрежево " да биде на земјоделците, односно нивното да остане нивно.

Битолските земјоделци бараат "Стрежево " да остане надвор од јавното претпријатие за Водостопанство на Македонија. За остварување на ова право, ако не помогне овој закон, ќе се бара друго чаре.

"Стрежево" , како што велат земјоделците, ќе се брани со сите сили да остане систем на земјоделците, а не да се вклучи во јавното претпријатие. "Стрежево" се гради две децении, од него, заради технички пропусти земјоделците сега за сега не се задоволни, но се надеваат дека со некој кредит како оној за Тиквешијата и стрежево ќе ги реши проблемите со мрежата и нејзиното проширување преку Црна Река односно донесување на овој систем на вода во селата Добрушево, Дедебалци, Новаци, Догнотино. Со овој систем најдоброто земјоделско подрачје во битолско е оставено без вода, оставено да чека за своето производство дожд од господ. Повторно ќе речам дека "Стрежево" е се што имаат земјоделците и него тие лесно нема да го пуштат да оди под капата на ова ново јавно претпријатие за водостопанство на Македонија.

Прашањето со надоместоците за наводнување во оваа верзија на законот за води не е доволно разрешено. Имено, се предвидува овој надомест да се состои од два дела. Цена за обезбедено доведување на вода и цена за испорачана вода. Цената за обезбедено доведување на вода се бара да изнесува 25% од просечната цена за наводнување. Предлагам овој процент да изнесува само 10%. Еве зошто. Во постојните системи имаме стари изнемоштени и сами земјоделци чии деца се надвор од земјата и не живеат со нив. Тие никогаш ни наводнуваат ниту можат да наводнуваат. Не можат да наполнат едно барде со вода од селската чешма, а камо ли да влечат цевки на својот стар грб за наводнување на некое парче земја. Ако не се прифаќа овој предлог, тогаш за нив не би требало да важи оваа обврска. Се разбира, со соодветен доказ од лекар или надлежен орган на државата. Исто така во случај на болест земјоделците не треба да ја плаќаат оваа обврска позната меѓу нив за суво наводнување.

Понатаму, надоместокот за наводнување исто така треба да претрпи измени. Вака како што се предлага овој надоместок за наводнување со ништо не се разликува од оној што важеше во периодот на стариот систем, кога, дали некој земјоделец наводнувал или ненаводнувал морал да плати, ако не плати ќе дојде судот со полицијата ќе му го земе телето од шталата. Плаќа и кога не може да дојде до вода заради немање на опрема за наводнување или водата му е оддалечена од нивата по 100, 200, 300 метри . Дали може, ако годината е врнежлива и не сака наводнување, пак да се плаќа цел износ од цената за наводнување? Мислам дека на ова прашање надлежното Министерство треба малку повеќе да размисли.

Овие присутни проблеми треба да се имаат во предвид во натамошните активности во изработката на овој закон за води. За нив мора да се најдат соодветни решенија. Прашањето за надоместокот за одводнување исто така нема решение во овој закон. Во нашата држава нема одводнување на земјоделските површини и давачките за одводнување треба да се бришат. Во членот од првата верзија во кој се предлага и натаму да постојат давачките за одводнување тој член треба тотално да се брише. Ако оваа давачка е на некој начин давачка за заштита од поплави, тогаш средствата за таа намена треба да се бараат од Буџетот на државата и од други извори. Заштитата од поплави треба да биде обврска на сите граѓани не само на селаните кои оваа давачка, како што реков, ја плаќаат близу три децении, ја плаќаат и ридско - планинските села каде што никогаш ниту имало ниту пак може да има опасност од поплави.

На крајот нешто и за утврдување на цените за наводнување и одводнување, ако евентуално надоместокот за одводнување понатаму остане во овој закон.

Мислам дека цените за овие надоместоци мора да се носат заеднички меѓу земјоделците и водостопанските претпријатија. Ние, како што реков, долго време чекориме во новиот пазарен систем и не може туку така цените да ги пропишува само оној што ги дава услугите. Во донесувањето на цените за овие давачки треба да учествуваа и земјоделците. Јас не ја прифаќам тезата дека во јавното претпријатие ќе има толку и толку членови од водостопанските претпријатија, а другите членови ќе бидат надвор од нив односно ќе ги претставува некој друг. Господа, мислам дека тој што ќе ги претставува ќе биде човек со машна, нема да биде селанец кој е исклучиво заинтересиран за работата на водостопанското претпријатие односно за утврдување на цените на давачките за наводнување или одводнување.

(со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги, ќе се обидам да кажам нешто што досега не беше спомнато од причина што тоа што беше кажано мислам дека беше вредно и ќе најде место во конечниот предлог на законот. Затоа јас конкретно ќе се задржам на членот 118 каде се регулира пријавувањето на површините односно каде корисниците се должни на јавното водостопанско претпријатие да ги пријават земјоделските култури што ќе бидат засејувани на тоа земјиште најдоцна до 30 ноември во тековната година. Јас предлагам овој термин, како што направивме во Законот за тутун, да го поместиме во тековната година, но тоа да биде некаде во февруари од причина што најголем дел од земјоделците еве од мојот крај имаат и втори култури. Вторите култури како што се зелка, праз, краставица

најголемите активности се одвиваат токму во тие месеци ноември и декември и луѓето не се во состојба да ги планираат тие површини да ги пријават за наредната година. Значи, овој термин да биде поместен во февруари. Заради овој рок предлагам кога веќе имаме рокови кон земјоделците да дадеме рок и на водостопанските организации во делот на пуштање на вода. Минатата година се случи редовно пуштање на вода дури на 20 јуни, а пролетните култури почнуваат со засејување од 15-ти до 20-ти април во овој период. Значи, ни пуштија вода откако производството еве конкретно фолиите беа на завршување. Таа вода тогаш не ни беше потребна. Сега ќе се надоврзам со ограничувањето односно членот 33 каде го регулира начинот на користењето на подземните пумпи и бунарите. Сега, ако водостопанската организација ни пушти вода во јуни месец до јуни која вода да ја користиме за наводнување на овие површини? Значи потребни ни се бунарите и подземните пумпи. Затоа предлагам во членот 33 ставот 3 каде што вели дека без согласност на Министерството за земјоделие не може да се копа бунар или да се поставува подземна пумпа. Овој став да биде бришен баш за овие причини да им дадеме можност на овие луѓе во овој период кога системите сеуште не се полнат да можат од сопствени извори пумпа, бунар да ги наводнуваат површините или ќе ни се случува сега што ни се случува бурињата, кофите и да го наводнуваме тутунот и да го садиме. Нема резултат од таквото работење, ако треба да се 2 посее 500 $м^2$ тутун за еден ден под вода вака со кантата ќе посее само 100 или 200 $м^2$. Што значи дека немаме ефект од тоа, мора да се создадат услови ова да го надминеме.

Имам една друга забелешка во членот 141 овде кажаа многу колеги за тој дел каде се регулира начинот на плаќањето на водата. Првиот став цена за обезбедено доведување на вода дали ќе може да се

објасни подобро дали значи дека површините неопфатени со системите ќе се плаќаат тие 25% или само на тој дел каде имаме систем за наводнување. Дали значи дека тие 25% како што е кажано тука цена за обезбедено доведување на вода, дали се во сталниот дел на цената или се дополнителни 25% што ќе мора луѓето да ги плаќаат. Ако е тоа 25% така наречениот сув данок што го имавме до 1990 година кога постоеја СИЗ-овите, ќе се случи земјоделците да не бидат на нивите, туку во судниците само ќе се тужат , а нема да работат и нема да плаќаат. Треба за овој дел или добро образложение или овие 25% да бидат укинати целосно. Нека цената на водата се зголеми за 5-10% затоа што овој сув данок многу луѓе се опекоа, многу земјоделци и ова не можат никако да го примат дека тоа ќе биде добро за нив, а ако се вратиме назад да кажеме што улога има фондот во однос на планирањето на развојот на мрежата, заштита на системите, тие 25% веројатно ќе најдат такво место, но луѓето ви велам , само од тоа што се опечени од овие 25% до 1990 година одејќи по судовите не сакаат ова да го прифатат и не ни даваат за право да гласаме за ваков закон, но бидејќи е сеуште прва фаза, мислам дека ќе има место ова да се промени.

II/1 лп/вц

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, вклучувајќи се во расправата по Предлогот за донесување на законот за водите, мислам дека е упатно да се укаже на една работа што ја имавме во изминатиот период и мислам дека со овој закон постапуваме во повеќе фази отколку што е предвидено со закон. Ова од причина што две фази веќе поминаа, а ние повторно имаме предлог за донесување на закон. Тоа беше уште во стариот состав на Собранието. Тоа е работа која би требало да послужи само за поука во натамошните работи, а не и како предмет кој што се расправа на денешната седница.

Во начело да кажам дека ги поддржувам решенијата кои се главно дадени во Предлогот за донесување на закон со извесни забелешки, се со цел да може одредени работи, онака како што ги имам сознанијата, односно колку што ја познавам оваа проблематика, да можам да придонесам одредени работи да се исправат на подобро. Имено, она што во однос на предложениот текст сакам да кажам е тоа дека она што се регулира со член 4 од понудениот предлог за донесување на закон основните елементи на режимот на водите, кои се спомнати во став 2 на член 4, би требало, според моја оценка посебно да се прецизираат, а тоа значи во Законот посебно да се каже што е тоа водостој, што е проток, што е насока на текот, брзина на водата итн. Мислам дека тоа е упатно. Сме имале случаи на други закони кога такви образложенија се дадени по одделните елементи во законите.

Во членот 11 е регулирано прашањето на површинските и подземните води како се користат. Мислам дека приоритетите што се дадени се умесни и паметни, меѓутоа, се поставува едно прашање:

II/2

Дали ќе можат целосно да се применат, особено кај старите хидросистеми. Бидејќи познато е од праксата дека, покрај за намените односно како што е речено за водоснабдување на населението, здравствените установи за потребите на одбраната, индустријата, за производство на прехранбени производи и за напојување на добитокот. Тоа е приоритетот на користење на површните и подземните води. Меѓутоа, познато ни е дека во поголемите населени места, а мислам дека тоа е случај во Скопје, населението во одредени региони да нема вода за пиење, а има индустрија. Од таа причина го поставувам прашањето дали ќе биде применливо. Мислам дека посебно пратениците од подрачјето на Скопје добро ги знаат проблемите и веројатно тие ќе го кажат своето мислење во однос на ова прашање.

Го подржувам решението што е дадено во членот 22 и мислам дека во однос на тоа треба да отпадне алтернативата што е дадена кон членот 22 став 1.

Исто така, го поддржувам решението што е дадено во членот 23, а со тоа отпаѓа алтернативата дадена кон член 23.

Го поддржувам решението што е дадено во член 26. Тоа автоматски значи дека отпаѓа решението понудено кон алтернативата на член 26 .

Во однос на издавањето на востопанската дозвола, прашање кое е регулирано член 29 и 30, јас се залагам за тоа водостопанските согласности да ги издава Министерството за земјоделство, а не управат за водостопанство. Истото се постапува и во второстепена постапка, тоа е решението кое беше и досега во второстепената постапка да решава Владата на Република Македонија а не министерот за земјоделство.

II/3

Слично е и прашањето по однос на водостопанската дозвола во ставот 2 од членот 35 водостопанската дозвола на барање да издава Министерството за земјоделство, а не Управата за водостопанство.

Прашањето што е регулирано со член 3 9 е она прашање кое што се однесува на временскиот рок за кој се издава водостопанската дозвола. Станува збор за тоа дека водостопанската дозвола се издава на одредено време, најмногу до 10 години. Јас не знам која е причината што вака се ограничува издавањето на востопанската дозвола. Мислам дека решение треба да се преиспита да се види како се постапува во другите места, бидејќи може да се случи еден што имал водостопанска дозвола - јас се согласувам потполно доколку не ги исполнува условите да ја изгуби, меѓутоа, може од субјективни причини да ја изгуби. Што ќе стане во тој случај? Заради тоа се залага водостопанската дозвола издадена на една организација, која што не го изгубила правото, да не може да и се одземе. Потполно се согласувам доколку настануваат нови измени, односно треба дополнителни работи врз основа на научните сознанија, оној што ја имал водостопанската дозвола да ги изврши тие дополнувања, меѓутоа да ја изгуби водостопанската дозвола од субјективни причини мислам дека не е в ред.

Во однос на прашањето на заштитните зони јас го подржувам решението кое што е дадено во членот 53 став 2, а тоа значи заштитни зони на изворите од член 52 од овој закон ги утврдува Владата на Република Македонија, а не како што е во решението општината или градот Скопје. Ова особено денес кога знаеме дека имаме нова територијална поделба и ќе се најде на доста големи проблеми, заправо заради тоа мислам дека Владата ќе може подобро да ги определи тие зони, бидејќи ќе има проблеми во општините.

Со членот 81 се регулира прашањето што треба да се поднесе кон барањето за водење песок, чакал и камен од коритата и бреговите од природните водотеци и езерата. Мислам дека решението што е дадено тука што е понудено во членот 81 е многу сложено и тешко остварливо. Толку елаборати за вадење песок мислам дека не ќе може тоа практично да се изведе единствено ако не сме субјективни па сакаме само на некого да му дадеме право да користи песок. Ако сме малку пообјективни мислам дека ова што е понудено тука треба да биде попросто.

Со одредбите на членот 102 до 116 се регулира прашањето на браните и акумулациите. Има добри решенија и повеќето ги поддржувам бидејќи доаѓам од подрачје каде што постои таква брана, а следејќи ги состојбите што се презема за заштита на таа акумулација, мислам дека решенијата кои беа досега, а можеби ќе треба и во новиот закон да се внесат такви решенија кои ќе бидат стриктни и спроведливи, за тоа што конкретно мислам за хидро електраната Шпиље недоволно се води грижа, особено во однос на прашањето на полнењето на акумулацијата со чакал и песок од реките, особено за делот на Долгашка река. Браната функционира односно акумулацијата се полнеше во далечната 1969 година, а до денес ни еден сантиметар кубен песок на тој дел не е ваден, додека наносите се огромни. Што ќе се случи, познато е, ако така продолжи тој дел, сигурно брзо, можеби не со тие рокови со кои е планирано да се полни езерото, бидејќи и таму има одредени квантификации. Затоа, мислам дека посебно треба да се води сметка и строго да се води сметка да се почитува законот.

Г-динот Ристо Трајков зборуваше во однос на роковите. Јас имам исто така исто така едно мислење кое го застапувам во однос на роковите за пријавување на површините за наводнување. Мислам дека

роковите што се тука запишани не се одржливи, бидејќи како такви не овозможуваат правилно планирање на пролетната односно есенската сеидба. Ние имаме случаи кои се познати во праксата, кога досегашните јавни претпријатија не беа во состојба да обезбедат вода за наводнување за водокорисниците поради многу причини, а најчесто поради тоа што имавме сушни периоди, па немаше доволна количина вода во акумулациите и ако вака се постапува со овие рокови, тоа ќе се случува многу често и земјиштето ќе остане незасеано. Од тие причини мислам дека роковите треба да се вратат назад, пријавувањето на површините за наводнување треба да уследи пред отпочнување на есенската сеидба, за да може она што не може да се обезбеди да се опфати со есенската сеидба, а тоа би било некаде 30 септември.

Со член 122 е регулирано прашањето на фондот за води. Во ставот 3 е речено дека на програмата од став 2 на овој член согласност дава Владата на Република Македонија. Јас предлагам ова решение да се проучи во таа смисла да се види како се постапува во однос на програмите на другите фондови кои постојат во Републиката. Доколку и за другите фондови согласност дава Владата јас се согласувам. Меѓутоа, ако таму има други решенија, тогаш тоа треба да биде унифицирано.

Во однос на прашањето на водниот надоместок, неговото формирање и кој плаќа, последната алинеја од став 1 на член 132 зборува дека имателите на рибници плаќаат 5% по килограм од продажната цена на рибата и уплатуваат месечно на фондот. Ако ги знаеме состојбите со рибарството, со рибарниците, мислам дека 5% е многу голема стапка и не ќе може да биде справедлива. Ние можеме да ставиме тука и 25%, меѓутоа, практично што ќе значи. Ако сакаме да го уништиме рибниот фонд, в ред, односно да не дозволуваме негов развој в ред, нека биде 5%. Меѓутоа 5% е многу, можеби 1 или 2% максимум добро, но 5% никако не е одржливо.

Во членот 141 е регулирано прашањето на цената за наводнување и се вели дека таа се состои во два дела. Кога зборуваме за ова прашање, јас би поставил прашање: дека начин на формирање на придонесот кон поранешната СИЗ за водостопанство беше сличен како што е решението понудено сега во однос на формирањето на средствата на фондот. Меѓутоа, поставувам прашање, дали секогаш и во секоја организација тоа е почитувано, дали придонесот кој што требало организации да го платат во СИЗ-от односно во фондот го уплатувале до сега. Лично се носам со оценка тоа недоволно е сторено и не во висина која била предвидена со Законот. Особено изразувам недоверба дека тоа е добро направено од ХЕ Шпиље во Дебар.

Има едно прашање кое е доста интересно за кое што зборуваа и други колеги, а тоа е во однос на висината на цената за обезбедено доведување на вода. Тука е дадено решение кое би значело 25% да изнесува цената за доведена вода. Јас поставувам прашање дали се во состојба водостопанските организации да ни кажат каде го наплатиле тоа досега. Тие не успеале да наплатат воден надомест за искористена вода, а не за доведена вода. Оттука ова решение што е тука дадено треба многу добро да се проучи и да се понуди решение кое ќе биде исто така прифатливо а не само да го пишеме во законот, а не да не можеме да го оствариме.

Тоа беа главно моите забелешки со предлогот за донесување на закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господин потпретседателе, господа министри, дами и господг пратеници, денес расправаме по закон кој што регулира материја која е

многу значајна односно без која не може да се замисли интензивно, рентабилно и квалитетно земјоделско производство. Мојата дискусија ќе ја поделам на два дела. Во првиот дел сакам да ги наведам причините поради кои сметам дека треба да се донесе закон за води, а во вториот дел се начелни забелешки и сугестии на законот, кои сакам да ги предложам, а предлагачот веројатно ќе ги има предвид доколку тоа е можно да ги вгради во наредните фази на законот.

Постојат голем број причини поради кои има потреба од донесување на таков закон. Ќе наведам само неколку, бидејќи голем број причини беа наведени од претходните дискутанти, а сигурно и после мојата дискусија ќе бидат наведени голем број причини. Поради тоа што Република Македонија се наоѓа во едно суво подрачје каде има мал број врнежи и тоа неправилно распоредени, што значи дека без наводнување не може да се замисли никакво интензивно и рентабилно производство. Сегашниот закон кој што го имаме доволно не ја регулираше оваа материја и затоа дојдовме до еден степен на прилично намалување на земјоделското производство поради тоа што рационално не се искористени системите за наводнување.

Втората причина поради која што има потреба од донесување на таков закон е што во Република Македонија покрај малите врнежи имаме и релативно мали површински води, уште помалку акумулирани и уште помалку изградени системи за наводнување. Некаде само околу 20% од обработливата површина се наоѓа под систем за наводнување. Ако на тоа се додаде уште и тие 25% од обработливата површина не се наоднува односно многу мал дел од површините се наводнуваат тоа дава уште една гаранција дека и понатаму имаме прилично намалено производство. За да се зголеми тоа сигурно новиот закон ќе даде можност односно подобро ќе ја регулира таа материја за да може да имаме поголем степен на искористување на водените површини односно искористување изградените системи за наводнување.

II/8

Овој закон, покрај тоа што ја регулира материјата за наводнување на земјоделските култури, тој е значаен за тоа што ја регулира водата односно водата за пиеше, водата за индустрија и регулирање односно заштита од поплави и регулирање на речните корита.

III/1.- СЈ-ВБ

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ**: (продолжение)

Овие сметам дека се доволни причини поради кои има потреба од донесување на таков закон.

Би сакал да дадам неколку забелешки, начелни забелешки, се разбира по законот, нема да одам член по член бидејќи ова е прва фаза, би сакал да дадам неколку забелешки односно сугестии за кои што сметам дека попрецизно треба да се регулира материјата во законот кој што ја регулира оваа материја.

Законот мора подобро да ја регулира односно да го прецизира односот на корисниците меѓу општините. Ние знаеме дека со новиот закон за локална управа имаме далеку поголем број на општини

каде што се јавуваат одредени интереси и различни интереси, така да сметам во законот мора попрецизно да се регулираат тие односи меѓу општините.

Втора работа која што сметам дека треба да се допрецизира тоа е односот на водокорисници и вододаватели, односно стопански организации кои што дистрибуираат вода и оние кои што ја користат водата, бидејќи од тој однос во најголема мера ќе зависи како ќе се користат системите за наводнување, а со тоа и какво производство ќе очекуваме во наредните години. Сегашниот закон тоа добро не го регулираше, се разбира затоа и носиме нов закон. Сметам дека овој закон треба попрецизно да ја регулира таа материја.

Засега мора да признаеме дека имаме лошо одржување на каналската мрежа, на веќе изградената каналска мрежа . Новиот закон мора далеку подобро тоа да го прецизира како добро да се стопанисува со каналската мрежа која веќе е изградена. И, не само таа што е изградена туку и онаа што ќе можеме да ја изградиме во наредниот период.

III/2.-

Одредувањето на висината на цената на водниот надомест е прашање кое исто така законот мора попрецизно да го регулира. Не можам да се сложам со констатацијата дека цената на водниот надомест треба да ја средува организацијата која стопанисува со водата. Мислам дека секаде, не само кај водите, секаде каде што има државата свој удел, а овде има свој удел и во изградбата на хдиросистемите и во зафаќањата на одредени средства за оваа намена, државата мора да има свој удел во формирањето на висината на цената за наводнување. Ако се продолжи сегашниот начин на формирање на цената тој ќе биде многу едностранчив и ќе биде за мене многу нереален. Не мислам тоа да го прави државата преку министерот или преку заменикот итн. инт., туку мора тоа да го прави државата преку одредување на стручни лица кои што ја познаваат таа материја, кои ќе можат далеку пореално да ја одредуваат цената на водниот надомест.

Законот регулира обезбедување на вода и употребена вода односно сталeн и постојан дел на наводнувањето. Мислам дека тоа е добра работа само тогаш кога ќе имаме разработен далеку поразработен систем и на пласман на одредени интензивни земјоделски производи. Системите за вода не се правени за тоа да се наводнуваат пченица и јачмен. Тие се направени за тоа да се одгледува далеку поинтензивни култури кои ќе даваат далеку повисок приход, повисок доход, далеку порентабилни производи итн., многу поинтензивни производи. Ние засега мораме да признаеме дека не можеме сеуште да се вклопиме во системот на промет со овие производи и можеме да дојдеме во ситуација сите тие површини кои што се под систем за наводнување да ги садиме со интензивни култури, не со пченица и јачмен, како што реков, тогаш ќе дојдеме во ситуација да не можеме да обезбедиме пласман на сопственото производство. Сега ни е најлесно да пласираме пченица и јачмен, се ориентираме на целата таа работа, меѓутоа тоа производство

одговорно тврдам бидејќи сум работел на таа проблематика не може да ги поднесе сите тие трошоци во кои ќе спадне и водниот надомест. Затоа сметам дека треба да се испитаат цената на обезбедување на вода, не навлегувам во тоа затоа што е многу паушално да се каже дали е тоа многу или малку, сепак тоа треба да се испита, меѓутоа треба да се размисли дали воопшто треба да постои тоа, бар засега, додека не се обезбедат далеку подобри услови за пласирање на сопственото производство кое ќе се произведува под системот за наводнување.

Ние сакале или не, мораме да признаеме, дека сме во такво подрачје кое моментално со расположливите системи односно со системите кои што зафаќаат околу 20% од обработливите површини не се доволни. Ние мораме да изградуваме и други системи кои што ќе покриваат далеку поголем дел од површините ако сакаме да добиеме и квалитетно и интензивно производство. Не знам дали може во овој закон тоа да се регулира, меѓутоа треба да се размисли во кој закон треба да се регулира. Веќе треба да го напуштаме начинот на изградба на системите до типот кој што сега ги имаме, со вештачки дожд, со поливање, потопување итн, бидејќи имаме релјеф таков каков што имаме, имаме вода толку колку што имаме, не може да создаваме нова вода, ќе треба да градиме системи кои што ќе бидат далеку поекономични. Дали тоа ќе биде систем кап по кап или некој друг систем, меѓутоа мораме некаде да регулираме новите системи се градат зависно од релјефот на површината каде се наводнува и од тоа да зависи кој тип на наводнување ќе можеме да избираме за наводнување на овие култури.

Со законот се регулира донесување на водостопанска основа таму има алтернатива дали тоа да го донесува Владата или Собранието. Водостопанската основа се донесува еднаш во 10 години. Лично сметам дека е подобра алтернативата водостопанската основа да ја донесува Собранието а не Владата бидејќи тука се решаваат значајни проблеми

во однос на регулирањето на таа водостопанска основа. Ние имавме еден пример во претходниот состав на Владата, имавме еден таков пример со Куманово итн. па потоа нагааваме дали е тоа добро или не е добро. Меѓутоа, за среќа тоа се заврши добро и затоа сметам дека тоа е многу важна работа и сметам дека е подбора алтернативата Собранието да ја донесува таа водостопанска основа.

Добро е што е во законот ставено да може да се формира здружение на земјоделци. Лично сметам дека е подобро така отколку стриктно да стои да се формираат земјоделски здруженија. Кај нас не се созреани условите да стои стриктно да се формираат земјоделски здруженија кои ќе стопансиуваат со водите затоа што имаме голема расцепканост на површините, ќе се јават огромен број на земјоделци кои што не можат тоа да го регулираат онака како што треба да биде. Тоа нека стои во Законот, се согласувам тоа да стои во законот дека може да се формираат, се слагам дека треба да се направат такви пилот програми тоа да се испроба, да се види што е тоа, дали е добро, дали ќе се покаже поефикасно и доколку се покаже како ефикасно тоа постепено, понатаму да се прави, да не се прави ад хок со законот наеднаш да се формира.

Еве јас неколку начелни забелешки, благодарам на вниманието.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, јас многу нема да се задржам бидејќи многу се искажаа во врска со овој закон, а верувам и со право бидејќи со овој закон се уредува една многу битна област за граѓаните на Република Македонија уште повеќе имајќи го во предвид досегашното искуство ако беше регулирано и какви се последици имавме од тој досегашен закон, мислам дека расправата што се водеше

денеска укажа на многу слабости досега кои беа присутни во оваа област. Од тие причини би сакал јас накратко да кажам одредени работи за кои мислам дека предлагачот на законот треба да води сметка.

Првенствено ќе се водам од моето искуство, морам да кажам лошо искуство во врска со водоснабдувањето вода за пиење. Ако се сеќавате господа пратеници уште при донесувањето на законот за Градот Скопје јас имав мои забелешки во врска со оваа проблематика, а овде пред овој Парламент тогашниот министер кој го бранеше тој закон, Законот за Град Скопје иако според мене и до ден денес сум убеден дека одредени членови на тој закон имаат повеќе политика отколку она што е практика и што треба во суштина да содржи, тоа е во делот за уредување начин на користење на водите односно на изворот "Рашче" Тогаш господинот министер Владо Поповски отворено пред овој Парламент вети и кажа дека кога се работи за водоснабдување на подрачја односно села или градови од каде што извираат водите, тој и со закон ќе го уреди тоа право да тие имаат предност при снабдувањето со вода. Јас тогаш спомнав и кажав дека иако од изворот "Рашче" една третина од Македонија се снабдува со вода за пиење, а самите граѓани на селото Рашче и околните места не можат да ја користат таа вода. Тој тогаш ме потсети дека таква аномалија за жал имало и во Куманово затоа што во Липково иако извира водата не може да добијат вода за пиење.

Од тие причини јас би сакал за да не се повторат овие грешки денеска најрационално да размислиме за тоа како ќе го користиме едно општо благо кое со законот со право така е дефинирано. Ќе мора да констатирам дека до денеска едно такво благо не можеа под еднакви услови да го користат сите граѓани на Република Македонија. Граѓаните на Скопје по некои податоци лежат односно Скопје лежи над извори за кои се верува дека имаат над 700 литри вода во секунда. а другите

граѓани само неколку километри или покрај градот не можат да ја искористат водата односно не можат да го користат тој благодет За жал таа многу важна животна потреба или се злоупотребува, околу 500 литри во секунда денеска се користат како индустриска вода, а се знае другите држави каква се грижа водат за водата за пиење.

Од тие причини јас овде би сакал иако сум за тоа да водостопанската основа ја донесе Собранието како што е предложено, но при донесување на водостопанската основа да се вклучат и сите други односно да се вклучат и општините кои најдиректно се соочуваат со овој проблем. Значи, во фаза на донесување да се побара и размислување од општините. Не сум за тоа, можеби од мое лично лошо искуство да водостопанската согласност биде дадена од Јавното претпријатие за водоснабдување, туку тоа да биде во надлежност на Министерството за земјоделие, а како второстепена да може да се обратиме до Владата на Република Македонија.

Друга работа, уште се залагам за тоа водостопанската основа да не се донесува секои 10 години туку тој рок на носење на водостопанска основа да биде покус бидејќи во меѓувреме настануваат такви промени за кои што ќе треба да се измени таа водостопанска основа. Денес ние имаме случај да само во Скопје најголемите корисници индустриските капацитети кои користеа ваква вода престануваат да работат, а водата и понатаму се злоупотребува.

Од тие причини реков за овие работи да се води сметка затоа што навистина сите граѓани на Република Македонија подеднакво бидат корисници на овој благодет. Уште повеќе кога се има предвид предлагачот, а и стариот закон велеше дека првата заштитна зона на изворите ја одредува општината со исклучок на случаи кога таа прва заштитна зона опфаќа две или повеќе општини. Тоа треба како ова што е

предложено да ја донесе Владата на Република Македонија. Значи, ако општината е таа која треба да ја одреди таа најчувствителна зона, како што е првата заштитна зона каде што има посебни критериуми и стандарди за зачувување на таа вода, а тие, првите луѓе кои најнепосредно ќе се грижат за таа вода да не можат да го користат тоа право за вода за пиење.

Од тие причини јас би барал од предлагачот да се води сметка и по можност уште во законот да се даде таква можност да граѓаните од првата заштитна зона, бар најмалку имаат предност при снабдувањето на вода за пиење.

Благодарам.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, и покрај тоа што трпението е при крај во врска со овој закон ја сепак сакам да кажам збор - два.

Воглавно во основа ги поддржувам дискусиите на претходните дискутанти и само сакам повторно да ја изнесам констатацијата дека законот за водите од 1981 година е одамна прегазен од времето и предизвика несакани последици што се во праксата како и состојби кои се тешко одбранливи. Многу општини во Републиката ги претвори во судници, воглавно против водокорисниците, а се добива впечаток дека водостопанските организации во последно време со ништо друго не се занимаваат освен со тужби и пресметувања на камати иако во суштина тие претпријатија многу тешко преживуваат.

Во врска со законот ќе зборувам исклучиво од аспект за обезбедување на вода за наводнување.

Прво, мислам дека законот што го понуди решението беше долго очекувано, а тоа е решението околу статусот на водостопанските

претпријатија и мислам дека од многумина ова решение ќе биде прифатено бидејќи барем во изминатиот период сите очекуваат да тоа го регулираше нормално и Законот за јавни претпријатија за статусот на водостопанските претпријатија да биде јавно претпријатие како што им се предлага, меѓутоа мислам дека ова решение не е до крај заокружено бидејќи во праксата сигурно ќе предизвика доста проблеми бидејќи единственото јавно претпријатие на РМ за водостопанство не може да претставува механички збир на постојните претпријатија кои што веројатно во текот на расправата ќе го кажат своето мислење.

Од организационен аспект исто така имам забелешки и предлагам да предлагачот на законотима малку порационален приод во рамките на утврдувањето на органите кои што ќе ја регулираат оваа материја. Имено, се прашувам, дали покрај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на водите во РМ и е потребна и управа за водостопанство и фонд за води и јавно претпријатие за водостопанство. Мислам дека тука треба да се преиспита ова решение и да има малку порационален приод.

Второто прашање околу кое што доста се кажа, не можам и јас да го заобиколам, а тоа е цената на водата за наводнување и начинот на нејзиното формирање и последиците што таа ги предизвика во изминатиот 5-6 годишен период. Порано додека земјоделците остваруваат приходи, цената за наводнување воопшто не беше спор. Меѓутоа, во последно време кога е ситуацијата во земјоделието е таква каква што е, изгледа цената за наводнување стана најголем камен на сопнување меѓу водокорисниците и водостопанскитие организации.

Мислам дека во член 144 од Законот за водите е дадено решение во рамките на кое што е дефинирано дека цената на водата за наводнување ја формира јавното претпријатие според единствена методологија на која што согласност дава Владата на РМ.

III/9.-

Мислам дека и ова решение не е докрај дефинирано, не нуди доволно флексибилност за разрешување на сите проблеми кои што ќе настанат во праксата. И покрај тоа што не е предмет на регулирање на самиот закон мислам дека цената на водата за наводнување не може да биде единствена за оние водокорисници кои што наводнуваат од бразда популарно кажано и за оние водокорисници кои што наводнуваат од хидромелиоративни системи.

Мислам дека тука треба да се направи одредена дистинкција меѓу тие две категории и мислам дека неминовно, тоа сигурно ќе биде обезбедено преку механизмите на управните одбори во јавното претпријатие за свој удел при формирањето на цената за водата како што спомна еден од претходните дискутанти, покрај стручни лица треба да имаат и самите водокорисници.

Сталниот воден придонес односно таканаречениот сув воден надомест е предвиден и со овој закон и покрај тоа што сметам дека тоа е убедливо најоспоруваниот дел од законот за водите. Изнесувам 25% од просечната цена за наводнување од хидромелиоративните системи, меѓутоа мислам дека треба предлагачот да преиспита дали покрај толку утврдените извори на приходи на Фондот за водите не треба да се откажа од оваа категорија или доколку е тоа неминовно мислам дека треба да се направи разграничување, дали сталeн воден надомест треба да плаќа сите.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ**: (Продолжение)

И оние граѓани кои живеат во планинските села, буквално до реките и оние граѓани кои што наводнуваат од хидромелиоративни системи. Мислам дека и тука треба да има посеопфатен приод, како би можеле овие решенија да бидат во функција и на водостопанските организации, нормално во функција на водокорисниците.

Мислам дека е добро тоа што Законот за водите го надминува проблемот на едностраност на договорите за наводнување, со самиот факт освен правото за јавното водостопанско претпријатие, предвидува и обврски. Со тоа ќе се надмине досегашната пракса водокосниците да имаат обврски, а водостопанските претпријатија само права.

Доколку една водостопанска организација се обврзе да обезбеди вода за наводнување, а истата не ја исполни, мислам дека ќе плаќа одредени пенали, како што и сега самите водокорисници плаќаат одредени камати.

Конечно сакам да кажам и тоа дека треба да ја надминеме праксата, за одредени работи да носиме специјални закони и мислам дека овој закон е шанса, барем министерството за земјоделие да ја потврди својата определба за ревитализација на селата, со што цената за наводнување во ридско - планинските места ќе треба да биде малку постимулативна, за граѓаните кои живеат таму. Имено, зборот ми е дека треба да биде таа далеку пониска.

Посебно, во законот сакам да го поздравам формирањето односно предвидувањето на здруженија на водокорисници кои ќе можат сами да ги организираат наводнувањето и одводнувањето и та работа, посебно на природните водотоци, ќе биде доста присутно.

Мислам дека ова е позитивно решение и мислам дека досега, барем во гевгелиско имаше иницијативи за ваква работа, одредени населени места сами да стопанисуваат со водата за наводнување и покрај тоа што сметам дека мотивите беа пред се како израз на незадоволство на граѓаните на поставеноста и организираноста на водостопанските претпријатија. Меѓутоа, ова е форма која што ја поздравувам, која ќе обезбеди одредени населени места сами да го регулираат наводнувањето и најпосле тоа ќе биде тест за искреноста на водокорисниците дали целта е тие да ја бојкотираат водостопанската организација или целта е, навистина, да имаат и квалитетно наводнување.

На крајот сакам да кажам нешто во врска со главата во која што е регулирано вадењето на песок, чакал и камен. Мислам дека треба да се преиспита решението, иако против тоа решение немам ништо против, водостопанските претпријатија да го организираат вадењето песок и чакал. Мислам дека се крути решенијата во оваа област, и изразувам незадоволство односно сериозна забелешка со надоместокот кој е утврден, мислам во член 134, каде организациите кои што стопанисуваат односно го организираат вадењето на песок треба да го плаќаат од Фондот за води. Тоа е само 5% од остварената цена на утоварена стока, што мислам дека е многу малку и тука треба да се размисли дали да се оди на концесија, или не, бидејќи за еден таков процент јас тврдам дека многу фирми ќе бидат заинтересирани да стопанисуваат со една таква гранка која што, за жал стана профитабилна.

Јас ги прифаќам решенијата да има исклучоци од плаќањето на песок, чакал и камен. Меѓутоа, мислам треба да се задржат одредени решенија и треба да има далеку пофлексибилен однос предлагачот,

бидејќи мислам дека животот носи одредени работи. Не треба така круто да се придржуваме на одредбите, песок и чакал, буквално плаќаат сите, освен оние кои градат проекти за одбраната и заштита на водите. Имаме доста примери во праксата кога за потребите на објекти, на единици на локална самоуправа, нас месни заедници, барем досега се правеа исклучоци. Мислам тие решенија треба да останат.

Исто така не сум за тоа оваа работа да се одвива неорганизирано. Мислам дека таа треба да биде организирана. Меѓутоа исто така, треба да има една форма со која ќе бидат задоволени, каско да кажам, сите тие интереси на граѓаните. Во животот се случуваат и еколошки катастрофи, земјотреси. Во животот се случува сиромаштија, како што гледате и мислам дека произведуваме, иако навидум се работи за безначајно прашање, потребни незадоволства кај граѓаните, кога за сопствени потреби да собира, да кажам еден трактор камења, него го бркаат по реката и буквално се доведува во прашање, зарем сега во државата треба да плаќаме камења. Мислам тука треба да се подразмисли и за вакви ситни проблеми, ако не друго барем обврска ни е да не создаваме одредени незадоволства кај луѓето кои сигурно знаат да ја почитуваат државата и знаат да го почитуваат законот.

Еве на кратко тоа се моите забелешки во врска со Законот за водите.

На крајот сакам да кажам дека помина доста време. И покрај тоа што е предвидено овој Законот да се донесе во III фази, тоа треба доста брзо да се направи, бидејќи решенијата, какви такви сигурно за 80% подобри, се оние решенија кои се сега присутни до постојниот закон за водите.

IV/4

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници.

Навистина Законот за води долго време се очекуваше од страна на водокорисниците и од давателите на услуга, на вода, а штетите од немањето на еден ваков закон навистина се големи.

Голем број на детална каналска мрежа за наводнување, во РМ е речиси е целосно уништена. Голем број на реки и природни водотеци се исполнети со наталожен муљ, или пак несоодветно регулирани. Сето тоа е резултат на еден несоодветен однос, немање на законска регулатива, и овие проблеми во ова време да бидат решавани. Меѓутоа, посеел толку чекање, еве сега ни се понуди еден закон.

По мое длабоко убедување овој предложен текст на законот за води е доста стручно обработен и на соодветен начин се вградени доста научни и стручни сознанија од областа на водостопанството и дава една солидна основа за понатаму да се стави еден ред и од страна на водокорисниците и од давателите на вода, односно за целата хидролошка состојба во аграрот односно во државата.

Јас на овој текст би имал сосема мали забелешки и би ги искажал со цел да биде еден мал прилог во подобрувањето на текстот на овој закон.

Имено, во одредбите во поглавјето VI каде што се изнесени заштитните мерки од штетните дејства на водите. заштита од поплаки, од ерозија и друго, одредби кои се преземени и од сегашниот закон.

Ова особено би сакал да го потенцирам во член 58 каде се предвидува општините, на предлог на јавното водостопанско

претпријатие, да донесуваат програма за спречување на штетните дејства на водите, воедно да вршат градба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита од ерозија и друго.

Предлагам, почитувани пратеници, работите предвидени со програмата за спречување на штетните дејствија водите да ги извршува Јавното водостопанско претпријатие,е бидејќи во фондот на води која е новина, ќе се собираат средства и од оние средства ќе можат да се вршат овие регулации и изградба на овие заштитни мерки во подрачја каде тоа е неопходно, а навистина, општините да продолжат да вршат регулација на водотеците, не е можно, поготово со оваа нова територијална поделба каде што има голем број на општини, а општините средства за оваа намена немаат.

Во поглавјето VI точка 3 е обработено вадењето на песок, чакал и камен, со цел да се врши подобрување на водниот режим на природните водотеци.

Јас би рекол, ова вадење на песок и досега не беше во функција на подобрување на водниот режим на реките, туку тоа е сосема комерцијална работа од кое користење на песок егзистираат голем број градежни фирми, водостопански рпетпријатија и други поединци. Мислам дека овој закон сега бара една солидна основа и уште со мали дополнувања да се допрецизираат одредени одредби во законот, со цел да се стави еден ред во црпењето на песокот од речните корита и друго.

Како новина во овој закон се предлага формирање на фонд за вода што ќе претставува основа за вршење на водостопанските дејности.

Во член 124 е предвидено фондот на водите да има својство на правно лице. Каско ргани на фондот се управниот одбор и директорот

кој директор и го претставува овој фонд. Оттаму снеможам да го прифатам член 12 9 каде што стои дека финансиските, стручните, административните и другите работи утврдени со овој закон и Статутот на фондот ќе ги врши Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Почитувани пратеници. Ако не се работи за печатарска грешка, тогаш е логично дека е потребно да стои: "финансиските, стручните, административните и другите работи, утврдени со овој закон и Статутот на фондот да ги врши Јавното водостопанско претпријатие", бидејќи се работи за правно лице, а тие работи би биле негова дејност.

Контролата односно надзорот врз работата на фондот и работата на Јавното водостопанско претпријатие ред е да ја врши Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Таман работа ако сега Министерството за стопанство ги презема сите овие амдинистративни работи кои треба да се вршат во фондот односно во Јавното водостопанско претпријатие. Ова навистина е нелогично, тешко прифатливо и од причина што ова новоформирано јавно водостопанско претпријатие има околу 1500 вработени. Што би работела таа администрација ако не ги работи овие основни дејности, како правно лице.

Владата формира ново јавно водостопанско претпријатие. Мислам дека треба да се прецизираат основните дејности и обврски на ова јавно водостопанско претпријатие. Затоа во глава IV член 136 треба да се прошири, бидејќи обврските што се кажани во членот 17 се малку и недоволно прецизни. Затоа, работата на јавното водостопанско претпријатие треба да се допрецизира, а за тоа се дава можност во членот 136. Тоа предлагам да се дополни  со некои предлози што сега ќе

ги кажам, а кои се содржани во 9 точки.

1. Вршење на стручните, финансиските и административните работи во Фондот за води, а не тоа да го врши, како што беше кажано Министерството за земјоделие.

2. Заштита на водите, заштита од ерозија и порои.

3. Уредување на водотеците и другите води.

4. Организирање, градење и стопанско одржување на водотеците да го врши, исто така, јавното водостопанско претпријатие, а не тоа да го вршат општините и градот Скопје, како

што беше предвидено во член 58.

5. Јавното водостопанско претпријатие да врши подготовка на водостопанската основа, да изработува студии, проекти и задачи, документација и некои инвестициони програми.

6. Да се остварува управувањето со водите од страна на јавното водостопанско претпријатие кое ќе мора да извршува и некои инвеститорски работи.

7. Јавното водостопанско претпријатие да управува со водата како јавно водно добро.

8. Да управува со мелиоративните системи за наводнување и одводнување, нивно одржување и користење.

Ако јавното водостопанско претпријатие не ја преземе оваа обврска тогаш ќе продолжи пропаѓањето на мелиоративните системи за наводнување и одводнување, како што е тоа состојба и факт и до ден денеска.

9. Јавното водостопанско претпријатие да си ги врши другите работи определи со законот и статутот на претпријатиета.

Сега би се задржал малку околу изворите на средства на Фондот за води, кои би биле од неколку основи:

Овој фонд би се полнел со средства од воден надоместок, надоместок за заштита на водите од загадување, надоместок за вадење на песок, надоместок од закупнина, средства од буџетот и кредит.

Почитувани пратеници, јас би се задржал на ставката воден надоместок, конкретно на членот 132, алинеја 1 и 2. Таму е предвидено вработените кај правните лица и физичките лица кои вршат трговска дејност, како и вработените во државните органи и јавни служби, да плаќаат 0,20% при исплатата на вода, што не е јасно и прецизно кажано. Затоа треба да се допрецизира.

Плаќањето по 0,20% при исплата на нето плата, што вработените ја примаат, или ќе се манипулира и пресметува од просечните плати во РМ.

Во истиот член 132 алинеја 7 е предвидено домаќинствата да плаќаат за секој потрошен метар кубен вода дополнително по 1% од утврдената цена, без оглед дали водоснабдувањето е од јавен или сопствен водоснабдителен систем.

Мислам дека е апсурд почитувани пратенци, Владата да предлага закон за дополнително оптоварување на граѓаните во РМ, со која се бара од народот да ја плаќаат дополнително водата за пиење што сами инвестирале во изградба на пумпи, бунари, чешми или хирофори.

Со ова дополнително оптоварување на граѓаните, Владата ќе прибере над 4 милиони и 200 иљјади ДМ само по овој основ, директно од граѓаните. За мене ова е нереално и од две други причини.

Прво, домаќинствата што имаат сопствен водоснабдителен систем: бунар, чешма, пијат непроверена вода и со сомнителен квалитет

Второ, истите корисници за вода од сопствени водоснабдителни извори немаат никаква можност да ја мерат потрошената вода. Ние ќе донесеме пропис како што е предвидено, да ја плаќаат водата од сопствениот бунар, а нема никаква можност да се мери таа вода, или пак ќе бараме дополнително вградување на некои мерни инструменти да си ја мерат водата во својот двор. Мислам дека и ова не држи. Тука треба да се размислува за некое паушално плаќање, минимално, не под исти аршин, како и за другите водокорисници.

Предлагам и од овие средства што ќе се соберат само по овој основ да бидат издвоени барем минимум, да се предвиди во еден член, барем 50% од средствата што ќе бидат собрани од граѓаните, дополнително оптоварени, да бидат наменети повторно за инвестиција за вода за пиење во сопствените општини, бидејќи законот јасно кажува кои се се обврските и за какви намени ќе се трошат овие средства. Мене ми се чини, ако граѓаните издвојуваат дополнителни средства за вода за пиење, а некои тоа благо тоа сеуште го немаат, треба да има се овозможи пиење на квалитетна и здрава вода.

На крајот би сакал, почитувани пратеници, да предложам, за оние села и општини, каде што немаат изградено јавен водоснабдителен систем, да бидат домаќинствата ослободени на секаков воден надоместок по основ за вода за пиење.

Предлагам членот 132 да се дополни со нов став во кој ќе бидат опфатени и нови водокорисници неспомнати во овој закон. Овде се мисли на сепарациите за вода, односно за песок и чакал. Голем број на сепарации има изградено во РМ, лоцирани покрај речните корита, неконтролирано го црпат песокот и чакалот, трошат огромни количини вода, а за тоа неплаќаат ништо.

V/1 СС/НД

**ИЛИЈА КАРОВ**: (Продолжение)

Тие, сепарациите, создаваат профит и би требало на соодветен начин во овој закон, со нов член или со нова алинеја на членот 132 да се прецизира дополнително односно плаќање на еднаш потрошената вода од страна на овие сепарации што трошат поголеми количини вода. Дел од таа вода како загадена повторно ја пуштаат. Овие нови корисници мислам дека треба да бидат опфатени со овој закон.

И на крајот, од сето досега изнесено би сакал да кажам дека го поддржувам предлогот за донесување на закон за води, ако е можно да се донесе не во две фази, зависно од забелешките на другите пратеници и ако се одлучи тој закон да биде донесен во три фази да се забрза постапката околу неговото донесување. Уште еднаш апелирам до Владата што е можно побрзо да ги достави и другите закони на усвојување од областа на аграрот. Конкретно, Законот за заштита на растенијата. Законот за шумите, Законот за семе и тн. Имам чувство дека скоро ниту еден закон досега не е донесен. Некои се пуштени во процедура а навистина тешко се работи во аграрот и стручните служби и стари и новосоздадените фирми имаат големи проблеми во однос на производството и промет на заштитни средства, во однос на промената на семенски материјал во Републиката. Крајно време е покрај овој закон да се забрза постапката и околу донесување на другите закони во аграрот.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Давчев има збор.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, мојата дискусија ќе ја приложам писмено и мислам дека предлагачот ќе ги земе предвид моите размислувања и предлози.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Добро е што конечно после шест години на дневен ред дојде Предлог за донесување на нов Закон за води, со кој конечно се нуди да се регулира една многу значајна област - водостопанската дејност.

Во предлогот се дадени многу поквалитетни решенија од решението во досегашниот Закон за води (Сл.в.6/81), и затоа сметам дека треба да биде поддржан, а особено од следните причини:

1. Во Предлогот за донесување Закон за води се предвидува формирање на единствено Јавно водостопанско претпријатие од страна на Владата, преку кое Државата ја превзема директната грижа и одговорност во обезбедувањето на јавниот интерес кон водата како добро од општ интерес. Остварувањето на еднакво право на водата на секој граѓанин на Државата е можно само преку воспоставување единствен режим на водите.

Единствен режим на водите може да се реализира само преку единствено водостопанско претпријатие, кое ќе ги има на увид потребите и можностите за вода на целокупната територија на Државата, ќе може да ги определува приоритетите и да ги насочува активностите и средствата.

Познато е дека 86% од територијата на Република Македонија ја опфаќа Вардарскиот слив, а останатите два (Црно Дримскиот и Струмичкиот слив) опфаќаат само 14%.

Од друга страна водите во Република Македонија се многу нерамномерно распоредени, како просторно, така и временски. Водите не признаваат општински граници.

./.

Досега изградените системи за обезбедување вода (брани, главни-канали, детална каналска мрежа и други водостопански објекти и постројки) се распространети на повеќе општини како единствени хидрографско-хидротехнички целини. Ова особено се усложнува со новата територијална поделба, односно со формирањето на новите Општини.

2. Во Предлогот се нуди постоење на Фонд за води, со што исто така сметам ќе се добие квалитативна и квантитативна предност. Ќе се постигне концентрација на наменски средства за:
- Одржување на хидросистемите и хидромелиоративните системи, односно спречување на понатамошното пропаѓање на водостопанските објекти;

- За заштита на штетни дејства на водите, односно одбрана од поплави и заштита од ерозија;

- За заштита на водите од загадување и исцрпување;

- За регулација на реките, уредување на пороите, експлоатација на наносниот материјал и др.

Предлагам во понатамошната постапка, Предлагачот на Законот, поконкретно го уреди управувањето со фондот и ги разграничи надлежностите и извршувањето на стручно административните и техничките работи во реализација на Програмата, односно во средствата во Фондот. Ценам дека извршувањето на овие работи треба да биде во надлежност на Јавното водостопанско претпријатие, со што би се постигнало рационално користење на средствата и би се избегнало пренатрупување на администрација.

3. Во Предлогот се предвидуваат и нови извори на средства, покрај досегашните кои се применуваат. На име, во Фондот би биле уплатувани минимални средства од сите граѓани, било како директни или индиректни корисници, поаѓајќи од принципот - Минимални средства од голем брод корисници.

Ова не претставува нов намет на граѓаните, како беше искажано од некои претходни дискутанти, туку би било законско и наменско насочување на дел од средствата што се веќе наплатуваат од корисниците на водата.
Исто така, многу попрецизно се дефинираат основот, видот и висината обврските на Државата и обврските на водокорисниците во финансирањето на водостопанската дејност, и тоа е добро што е така предвидено. потребно е да го поддржиме, со цел да се обезбедат трајни и сигурни средства, за да се овозможи и да се создадат услови за квалитетно извршување на работите опфатени со водостопанската дејност. Во спротивно, ќе имаме понатамошно пропаѓање на водостопанските објекти.
Водата има цена и таа мора да се плати. Сите маркетиншки настапи во смисла дека водата е од Бога дадена и треба да биде без пари, претставуваа сечење на сопствената гранка од страна на самите водокорисници, со далекосежни последици на кои сме за жал сведоци во изминатиот период.

4. Во Предлогот на Законот се уредуваат односите на Државата преку Јавното водостопанско претпријатие и локалната самоуправа во остварувањата на правата дадени со Законот за локалната само- управа. Ценам дека Законот за води треба уште подетално да ги прецизира надлежностите на локалната самоуправа, како не би дошло до преклопување на надлежностите и преземање на ингеренциите.

На крај, ценам дека, со дадените решенија во Предлогот на Законот за кој зборував, заедно со останатите решенија содржани но Предлогот, може да се добие солиден Закон, преку една широка расправа во наредните фази на донесување на истиот.

Благодарам.

V/5.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Му благодарам на господинот Давчев за рационалното пристапување кон дискусијата.

Има збор господин Пеце Стојановски.

**ПЕЦЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Уште на почетокот мислам да го изразам задоволството од даночната процедура и залагањето за донесување на Законот за водите.

По Уставот на Република Македонија,со Законот за јавните претпријатија и при утврдувањето на одделни одредби на други закони, се мисли на Законот за локална самоуправа и најновите активности околу донесување на Законот за комунални дејности, еве денеска на дневен ре, го имаме посебниот закон за водите со што конкретно се заокружува ова материја и дејност.

Сакам да ги искажам следните согледувања и размислувања во врска со законот.

Членот 83 ја доведува во прашање јасноста односно категоричноста на одредбите од претходниот член 82 според кои организирањето на работите со песок, чакал и камен се предмет на работа на јавните водостопански претпријатија, Ваквите одредби за овие водостопански јавни претпријатија треба да останат како правило додека посебните намени треба таксативно да бидат назначени во законот, односно во кои случаи и други субјекти ќе можат да ги вршат овие работи. Всушност, се залага за концентрација на податоците за создадените состојби на водотоците и езерата после извршната експлоатација на песок,чакал и камен. Тоа е

конечно во духот на генералната определба на предлогот за донесување на законот за заштитата на водотоците и езерата и само врз таа основа користење на овие водостопански ресурси и материјали.

Членот 88, став 1, точките 1,2 и 3,овој член ставен во корелација со членовите 85, 86 и 87 што ја уредуваат заштитата на водите на еден јасен и недвосмислен начин на прв поглед создава впечаток дека создава и дополнителни мерки во случај состојбите да излезат од предвидените рамки и стандарди. Воопштено анализирање на овој член односно ставот 1 точките 1,2 и 3 се добива впечаток како да се констатира постојната ситуација со загадување на водите, односно како по правило да е допуштено внесување на штетни материи, но тоа може да се ограничи и забрани само ако постои опасност од влошување на состојбите повеќе од утврдените критериуми и стандарди.

Овој член е противречен на претходните три и создава конфузија. Всушност, формулацијата, таква каква што е можеби е последица на респектирањето на фактичката состојба и на реално тешките можности за измена на ваквата ситуација. Но, без оглед на тоа мислам дека законот во него треба јасно да биде изразена тенденцијата, стремежот и решеноста за чисти водотеци и езера. Според тоа овие членови или треба да се бришат или да се преформулираат во функција на чисти водотеци и езера во сите нивни релевантни аспекти, биолошки, хемиски итн.

Членот 47 и членот 117 споредени еден со друг создаваат дилема околу прашањето која е релевантната документација за границата на површините опфатени со хидроемлиоративни системи. Имено, првиот член упатува на документацијата предвидена со членот 117, а овој последен член упатува на документацијата предвидена со членот 47. Се поставува прашањето која документација навистина е релевантна, затоа мислам дека овде е потребна категорична одредба што не ќе создава дилеми и ќе обезбеди уредна евиденција за фактичката состојба.

На крајот, споредувајќи ги одредбите од постојниот закон со сите измени и дополнувања и Предлогот за донесување на нов закон заводи, сметам дека е потребно да се укаже дека можеби треба да се преземат одредени прецизирања на одредбите на постојниот закон во целост и околу уредувањето на работите за катастарот на водостопанските објекти и постројки. Катастарската евиденција и документацијата можат да бидат од полза и да ја оправдува евентуално дополнителните вложувања во оваа сфера.

Ова беа неколку согледувања околу Предлогот за донесување на Законот за водите. Како што реков, целосно го поддржувам со заложба за негово поитно донесување и конечно регулирање на односите во водостопанството на Република Македонија.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАСВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Самата дискусија мислам дека одразува интерес за еден ваков закон што долго го очекуваме ние пратениците, во јавноста и мислам дека конечно и оваа сфера треба во неа да се направи еден поголем ред од што ќе зависи понатамошното рационално користење на водите што очигледно се помалку ќе го имаме и ќе бидеме соочени со се поголеми проблеми без оглед дали се работи за водите за пиење или водите за наводнување.

Мислам дека во овој закон и нашите дискусии, ние повеќе се задржуваме на она што значат води за наводнување, водни топови, но исто така евидентно е дека овој закон ќе мора да кореспондира со

многу закони што ќе бидат или сме ги усвоиле, каде што предлагач е друго министерство, Министерството за урбанизам, градежништво и екологија, така што и овој закон во еден добар дел има свои допирни точки и ќе мора заеднички да делуваат со веќе донесениот закон за заштита на човековата околина или екологија. Дури, мислам дека тие членови, тие акценти каде што се подобруваат досегашните состојби точно се однесува на оваа проблематика.

Имено, во овој закон сметам дека е добро што во оваа фаза имаме можност да се изјасниме, да дадеме сугестии од подрачјата каде што живееме, каде делуваме и имаме одредени искуства.

Сугерирам во членот 97, при добивањето ан водостопанска согласност предност да има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, затоа што во овој член не се набележани сите објекти што можат да го нарушат нормалниот ток на водоснабдувањето. Тука, во ставот 1 определени се само таксативно можните случаи што можат да создадат промени на природниот ток или користењето. Имаме голем број случаи при изградба на објекти што, земено генерално, не би значеле нарушување на нормални водотокови, како индивидуални куќи и друго, но во праксата точно ваквите навидум мали или неважни објекти создаваат огромен број проблеми. Со ова сакам да ја издигнам одговорноста, а со тоа компетентноста на ресорното министерство за овој дел.

Понатаму, исто така ги поддржувам размислувањата за тоа што значи обезбедена вода и навистина искористена вода за наводнување, особено ако се работи за подрачја каде што никогаш вода за наводнување не се користи. Тоа се ридско планинските подрачја каде што најчесто застапени култури се рж, јачмен и други култури, што можат да поднесат и високи температури и не им треба вода.

Понатаму, мислам дека прашањето на експлоатацијата на тоа што значат природни богатства,треба да биде подетално регулирано, да

биде пообјективно поставен интересот да можат да конкурираат, лицитираат повеќе субјекти и тоа што на крајот како иднина претставува интерес, прашањето на концесии можеби ќе треба потрајно да го реши ова прашање со посигурен извор на приходи со што може фондот да располага и да ги планира.

Во делот каде што некои од дискутантите изразија една резерва и размислување и јас се приклучувам. Дали навистина ни треба и управа и фонд и јавно водостопанско претпријатие, нека се размисли добронамерно затоа што не е во прашање само рационалноста и финансиските трошоци, туку во прашање е ефикасноста на функционирањето на еден ваков систем.

Сметам дека треба и тука да се примени правилото што се обидуваме во повеќето закони од фискалната сфера да го сугерираме како непосредни претставници на граѓаните. Со помалку зафаќања да се присоберат исти или повеќе средства ако рамномерно се споделат или ако корисниците ги уплатуваат во што поголем број.

Мислам дека сите ние можеме да кажеме дека имаме корисници на вода што во било какви услови, во било какви години го плаќаат придонесот без да реагираат и најчесто тие водокорисници се најоштетени бидејќи најдисциплинирано ги извршуваат обврските. Токму водостопанските претпријатија кон овие корисници не се однесуваат најкоректно.

Едно вакво размислување: бројката 25% наменета за површини што не се наводнуваат а за што се обезбедува вода, е едно големо намалување во однос на досегашниот закон каде што бројката е 50%. Јас сметам дека оваа бројка е сеуште висока, дури превисока за оние подрачја каде што традиционално житните култури се доминантно застапени. Како што е Пелагонискиот регион, Овчеполието и некои други подрачја. Нека се размисли за една поразумна стапка иако таа ќе биде можеби неколку пати помала од сегашната, но стапка што овие водокорисници ќе ја плаќаат.

V/10.-

Следно размислување што предлагачот на Законот е да го прим како сугестија. Водниот надоместок во просек во државата се движи од 7 иљjади до 10 или 11 иљjади максимум денари по хектар. Ако овој надоместок се намали, но се обезбеди преку овој закон инструмент начин и можности водокорисницте да го платат доброволно надоместокот, а не тоа да бидат судски процеси сметам дека ќе направиме многу. Тука мислам водосотпанските претпријатија мораат да ја одиграат, господине министер најважната улога. Ова го сугерирам најкоректно. Што е тоа?

Еве едно вакво размислување, јас ја реков бројката на надокната на еден хектар. Ако во екот на сезоната една добра дневница за обавување на процесот на наводнување се движи некаде од 800 до 1000 денари, ако успееме водата да ја добиете во одреден термин, во одредено време и со тоа заштедите неколку дневници од излегување за добивање распоред и вода и ако таа вода се контролира како што треба, тогаш јас верувам дека и реакциите и отпорот на водокорисниците ќе биде сведен на минимална мерка, затоа што правите домаќини водокорисници, знаат што значи во прав момент и во право време да се добие вода за наводнување. Сметам дека во тој поглед тие 800 или 1000 денари се занемарливи.

Со овој закон практично ги ставаме во една состојба претпријатијата во оваа дејност, сега интегрирани во едно јавно водостопанско претпријатие да имаат начини, можности, им создаваме услови да стопанисуваат рентабилно и ефикасно и практично се регулирани сите односи на релацијата даватели на услуги - водокорисници. Овде се најмалку ставени обврските на тие водостопански претпријатија во однос на водокорисниците. Тоа не може да го регулира ниту еден закон. Тоа ќе го регулираат состојбите на теренот со она што значи заинтересираност, ефикасно работење и соочување со секојдневните проблеми и со секојдневието.

V/11.-

Делот за кој што многумина се изјаснија и јас начелно се изјаснувам позитивно, здружение на водокорисници, со една напомена дек може да претставува една опасност да не се создадат сега некои мини, мали водостопански претпријатија каде ќе бидат интегрирани општински челници или челници на некои месни заедници и сега практично тука да дојде до раздвојување на овој целосен водостопански систем. Нека се размисли за компетенциите. Има позитивни примери на добра организираност. Меѓутоа, може да отидеме и во една друга крајност.

На Законот му треба и едно филолошко, јазично дотерување и тн. Само еден пример, како закон што излегува и од Влада, а особено од Парламентот ќе мора да претрпи и такви корекции. На пример, членот 17 каде што е набележана водостопанската дејност, што содржи, на крајот стои дека во оваа водостопанска дејност спаѓа и изработка на проектна документација и ситуации во врска со унапредувањето на водите. Води немо да се унапредуваат. Водите или ги има или ги нема. Можат да се загадуваат да се пречистуваат. Можат рационално да се користат. Мислам дека овие вакви поважни работи не би смееле да одат во еден ваков закон иако ќе бидам education дециден дека овој закон долго го очекува јавноста и мислам да се смогнат сили задолжително да оди во две фази. Никако три фази.

VI/1.- РД/ЉР

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Не ни треба трета фаза особено што еве се покажа дека оваа прва фаза дадовме еден работен придонес и мислам дека ќе биде добро овој Закон до оваа есен да биде донесен и на некој начин полесно да се прибираат и плодовите и реколтата, а се разбира со тоа ќе треба да се приберат и средствата да можат практично и едните и другите субјекти во практична примена да до реализираат овој закон.

**ВАНЕ НАУМОСОСКИ:**

Почитуван потретседатеале, почитувани министри, почитувани колеги,

Повеќето колеги од пратениците беа од Источна Македонија јас сум од Западот, ние користиме вода, но и повеќе се зафака вода така да средината од каде што доаѓам од Кичево има и еден од погллемите системи за наводнување, односно околу 200 илјади жители пијат вода и употребуваат вода за пиење.

Јас би кажал неколку збора во врска со овој закон кој ние со нетрпение го очекувавме,; односно и повеќепати од оваа говорница се бараше да се донесе. Сакам да кажам прво за водостопанската основа и овде што се спомна со моја стратегија. РМ треба да излезе долгорочна стратегија за користење, заштита и одржување на водите. Такво нешто ни треба од причина што водата како насушно благо се почето и се загадува, се почесто се злоупотребува нејзиното користење на несоодветен начин итн. Не смееме XXI век да го дочекаме барем основниот приоритет, без вода за пиење. Тука е мојата заложба,ако во овој Закон преку водостопанскта основа е таа стратегија за развој, тоа ги прифаќам, ако не, најверојатно ќе треба посебен документ Владата да

изгради некоја стратегија за водите. Во членот 22 е дадена алтернатива водостопанската основа да ја носи Владата и Собранието. Сум за првото решение каде што треба Собранието на РМ да ја донесе таа водостопанкса основа и да ја разгледа. Во членовите 42 и 48 се спомнува водата за пиење, односно како приоритет. Тој приоритет е наведено во членот 11 што сметам дека треба и доследно да го почитување како добро решение, бидејќи до праксата, повторно ќе се навратам во средината од таму каде што доаѓам да ги имаме поголемите системи за наводнуваше, одредени села и население места и региони да немаат вода за пиење, а додека истата вода оди во други краеви и се користи за индустриски цели. Не сум против развој на индустријата, но, во средината каде што тие зафати се извориштата на таа вода да се даде приоритет барем за минимално задоволување на потребите на одредени села и да се приклучат.

Ова го спомнав од причина што знам дека Владата, односно поранешната Влада има на сила една одлука со која фактички не е дозволено приклучување на системот Студенчица. Сметам дека тоа во моментот треба да се преиспита, бидејќи минимални се потребите, ако во тој момент таа одлука имаше стратегиско значење да не се прават тие тензии што се создадоа меѓу Кичево и Прилеп во тој период, сега ми се чини издашноста на изворот сигурно нема да се повтори тоа што се случуваше таму, сушна година како што беше таа еднаш во 20 години, јас не сум стручњак. Претпоставува дека се случува. Сум за тоа да се преиспита и селга кој можам да ги спомнам дека располагаат со сопствени средства и едноставно без потреба да бараат средства од државата да се приклучат на тој систем.

Во членот 87 е заштитата на водите. Тоа е добро и тука е таксативно кажано е задолжителна обврска на оние кој ги загадуваат водите. Но по мое не е дадено решение или што со оние што досега ги загадуваа водите. Практично тој член ги обврзува и нив. Тоа е членот 87, читајќи го него јас во принцип го прифаќам. Потоа постоа што сакам да напомнам, тоа е Фондот за води и тука се спомнуваат неговите извори за средства кој го сочинуваат тој фонд. Меѓу спомнатите е и Буџетот од практиката досегашните закон кој ги носевме не од оваа сфера, од било која сфера во овој Парламент каде се јавува Буџетот како извор на средства на одреден фонд или јавно претпријатие логички е да стои извештај годишен или полугодишен за користење на средствата. Такво нешто овде не сретнав. Значи ако е извор Буџетот, тогаш е логички да се поднесува извештај во ова Собрание за користење на тие средства.

Јас ќе се навратам на таксата и надоместокот за вода. Тука имаме зафаќања од повеќе основи. Тоа е плата, добивка, производ, и нормално користењето на водата. Сега се поставува дали на каков начин ќе одиме на поширока лепеза на зафаќање или да одиме се потесна Само кај еден аспект. Дали треба и за плата и од добивката која ќе биде , или тоа може заедно да биде во еден надоместок, не со цел да се избегне едноставно, бидејќи ми се чини дека приоритет би му дал на платата, од причина што добивките нереално се искажуваат барем за сега. Мислам дека Законот е добар, треба да се поддржи, сум за негова поддршка и сметам дека дел од овие сугестии што се изнесени од говорницата ќе бидат инкорпорирани во него досега.

**ПЕРСИДА МАПИНСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Предлогот за донесување на Законот за водите е еден од побит - ните закони што треба да ги донесеме што побрзо, бидејќи развојот на

општествено економските односи и условите за живот и работа на граѓаните во државата се условени со зголемена употреба на вода, а со тоа се создаваат услови за зголемено количество на отпадни води. Ако националноста стратегија на обезбедување на здрава вода за пиење е фактички обезбедувањето на здрава вода, тогаш е неопходно потребно и соодветна мултисекторска акција за да се заштитат изворите на водите за пиење од индустриска и земјоделска загаденост, односно нерешени проблеми во диспозиција на отпадните води. Пред се треба да се почитуваат истражувањата од стручни лица, а воедно и да се насочат кон правилно и практично функционирање и одржување на системите за снабдување во исправна вода за пиење. Перманентната стручна контрола од заводите за здравствена заштита, како и навременото и точно доставување на податоците за состојбите за водоснабдување на граѓаните до заводите за здравствена заштита, односно Министерството за здравство, претставува битен елемент, не само за регионот кој го покрива Заводот за здравствена заштита, туку и за државата за заштита на населението од несакани последици во здравјето. Поради тоа сакам да предложам одредени практични ставови кои што и денес постојат во регулативата, меѓутоа понекогаш се заборавaат. Конкретно во член 50 во став 1, после зборовите Министерство за здравство, предлагам да стојат зборовите: " односно заводите за здравствена заштита на регионот каде ги покриваат подрачјата". Се работи за следното. Претпријатијата што вршат снабдување со вода за пиење и претпријатијата и други правни лица што употребуваат вода од сопствени извори на вода за пиење се должни да вршат дезинфекција на водата. Воедно тие се должни да превземаат мерки и активности со кој ек се обезбедува постојано и редовно испитување на квалитетот и здравствената исправност на водите, објектите и постојките. Податоците за нивната извршена работа се доставуваат до заводите за здравствена заштита во регионот

каде се наоѓаат претпријатијата и други правни лица што вршат снабдување со вода. На овој начин водење евиденција и да се има увид за состојбите во водоснабдувањето на регионот за континуирано следење, истражување и проучување на еколошките фактори, како и нивното влијание врз здравјето на граѓаните. Од правен аспект ако оваа одредба, иако оваа одредба е регулирана во правилниците, мислам дека попрактично и ако е можно од правен аспект може да се вметне и во Законот за водите ако е тоа можно во споменатиот предлог. Исто така, во членот 57 по завршувањето на став 1 предлагам точката да се избрише и да се додадат зборовите: "по претходно известување на граѓаните за дотичното подрачје во рок од 24 часа."

Иако членот 57 е концизно и јасно формулиран, меѓутоа, дополнувањето го предлагам до практични причини. При привремено ограничување или забрана за употреба на користење на водата за пиење на граѓаните поради недостиг на вода од страна на претпријатијата кои не можат да ги задоволат потребите на граѓаните, потребно е да се почитува секој граѓанин без оглед дали живее во урбана или рурална средина и да се известат граѓаните 24 часа порано дека ќе немаат вода за пиење. Иако ова се почитува во урбаните средини, додека во некој селски средини понекогаш и ненамерно се заборава. Затоа сметам дека оваа одредба треба законски точно да се дефинира и применува во практиката.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Со предложениот предлог за донесување на законот за водите се надеваме дека ќе се елиминираат недостатоците околу употребата на водата, а особено за обезбедување и посебно заштита на водите воопшто.

VI/6.-

Точно дека на територија на РМ досега не се водеше грижа за обезбедување на водите на многу места по општините. Се поставува прашање. Колку е заштитена водата и тоа изворските, протечените или подземните води од изградените индустриски објекти и на депониите. Јас посебно ќе се осврнам на тоа со донесување на овој закон за води, а тоа се однесува особено на член 12 и тоа за подрачја на кои има изворски подземни води и други видови на вид кој со овој закон и со овој предлог се во можност да се заштитат. Се поставува прашање и се отвора една дилема колку е можноста за заштита од загаденоста од индустрискиот хемиски компрекс ОХИС и депонијата Дрисла кој ги загадуваат овие корисни води, а посебно на подрачјето на општина Студеничани и Зелениково, а особено во с. Батинци кој за жал сеуште се снабдува со вода за пиење од подземната вода која е загадена. Се надеваме дека со овој предложен закон за водите ќе се овозможи нештетно и непречено користење на водите и ќе се води режим за заштита на животната средина за здравјето на луѓето и за животинскиот и растителниот свет предвиден со член 14.

Во поглавјето што се однесува за извори на средства цената за наводнување која изнесува 25% од просечната цена за наводнување која ќе служи за покривање на дел од трошоците кои не се зависни од испорачаните количества на вода, односно обемот на наводнуваните површини ќе се усогласува цената на сите општини во РМ што досега не беше така . Во еден дел од општините таа наплата беше многу поголема. Ќе потенцирам дека со овој закон е уште еден неопходен радикален осврт при што како почетни чекори веќе се направени со донесување на закон за заштита на природната и животна средина, а дополнително се надеваме дека и како предуслов со донесување на овој закон стојат аргументите дека треба да се води грижа да се отстранат сите отштетни и агресивни токсични отпадоци секаде во земјата.

Со овој предлог за донесување на закон за водите ќе се отстранат досегашните недостатоци на оваа насока и ќе се прецизира постапка се разбира за побрзо населените места да се вклучат во водоводните мрежи за вода за пиење. А такви населени места до град има скоро во сите новоформирани општини кои излегле како општини кои излегле од Град Скопје како што јас се наведам во мојата изборна единица како што се Студеничани, Сопиште и Зелениково согласно на приоритетите и предвидени со овој Предлог на закон.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Не би се задржал јас по Законот, бидејќи би се повторил повеќе со коите колеги. Меѓутоа некој членови воопшто не беа спомнати. Посебно задоволство ми претставува што дојде и овој Закон за разгледување иако е прва фаза меѓутоа еден од законите кој се најпотребни за земјоделието.

Би се задржал на некој од членовите кои не се досега прочитани, односно не се разгледувани, во Собранието тој член е 11. каде пишува површински или подземни води се користат последниот приоритет. Можеби за повеќе општини овој приоритет не е важен, меѓутоа за општина Радовиш и те како е важен бидејќи Браната Мантово е за разлика од другите брани половина, према тоа е многу битно дали водата ќе се користи за наводнување или за водоснабдување на индустриска односно за стопански потреби. Кај нас е тоа битно бидејќи знаете дека водокорисникот од Браната Мантово и рудникот Бучим и земјоделието во Радовишка општина па би требало во овој член точно да се нагласи кој приоритет ќе има, дали прво наводнувањето бидејќи е поставено под иста алинеја.

VI/8.-

Секако према поранешните дискутанти се сложувам со темативите да не влезат во член 22, 23 и 26 , членот 132 према излагањето на Каров, во потполно се сложувам и тука би рекол само две реченици.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:** (Продолжение)

И сосема на крајот дали тоа претставува тоа што сите баравме секаде да има водоснабдување, секаде да има вода за пиење, за наводнување и т.н., сега ќе им го враќаме со надоместок, односно со исплата на 0,20% за вработените и т.н., или сакаме да отвораме мали претпријатија рибници, а ќе ги задолжуваме да плаќаат 5% по килограм на риба. Тоа не може да се изведе бидејќи не е ефективно.

За член 144 би рекол, тоа го дискутираат и на Комисијата не може висината на цената на член 141, 142,143 тоа е цената за наводнување и за доведување на вода да ја формира истото претпријатие кое ќе ја собира, тоа е водостопанско претпријатие. Имав забелешка на Комисијата, еве и сега ја ставам и мислам дека тоа треба да се промени член 147 барам од правниците толкување, бидејќи не е регулирано за која вода се однесува на корисникот на вода ќе му биде прекинато испорачување на вода доколку не ги исполнува своите обврски, не платил за користење на вода , ако ги оштети објектите или слично. Дали се однесува за водата за пиење, или водата за наводнување? Ако е за водата за пиење мислам дека е неуставно да му се сопира водата за пиење, а ако се однесува за водата за наводнување мислам дека не може поединечно да се исклучува од системот. Затоа прва фаза е, треба да се разгледаат тие проблеми и да се решат на некој начин.

Предлагам членовите 155, 156 и 157 бидејќи не сме дојдени до тоа сеуште да постои концесија за водата и за наводнување и за пиење да се бришат во следниот нацрт, или предлог.

И на крајот би се задржал за член 144 каде за сите е болно прашање. Па би рекол од општината од која излегувам дали сега некои

од министерството има увид како се сади тутунот во радовишка општина. Една третина од површината во Радовиш се посејува со тутун, а сега се носи вода во буриња и на рака се сее. Се сади тутунот на рака со наводнување рачно, а после ќе бараме од тутунопроизводителите кои се наоѓаат во тој регион сув данок. Значи немаме слух. Или претставници од Министерството да излезат, да видат од кого ќе бараат после сув данок и не 25% од просечната цена на наводнувањето од прилика тоа знаеме колку ќе изнесува, бидејќи правевме анализа на Комисијата.

Предлагам член 142 добро да се обработи и да се увиди дали воопшто има потреба од плаќање на сув надоместок односно обезбедување на вода. Инаку мислам по мое мислење дека овој закон нема да биде донесен оваа година, ќе го поминеме летниот период кога се наводнува Па предлагам, овде е и министерот водостопанската организација за оваа година да изготви добра програма за наводнување и цена по која ќе биде плаќањето на надомест на вода за испорачана вода и за обезбедено наводнување.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ.**

Господин потпретседателе, господа министри, дами и господа пратеници, сигурно дека овој закон долго го очекуваа водокорисниците и вододавателтие, затоа што овој закон требаше да изрегулира една материја која значи живот како за едните, така и за другите. Кога станува збор за вододавателите не беа решени статусите на водостопанските претпријатија бидејќи законското решение од осумдесеттите години со настанатите и мултиплицирани проблеми кои нараснаа во праксата беше надминат. Сведоци сме дека во овие години земјоделците, индивидуал-ните корисници исклучиво од водостопанството се претворија во судски процеси помеѓу водокорисниците и вододавателите. Така што луѓето

наместо да се занимаваат со производство на своите земјоделски производи, времето го губеа и трошеа по судовите. Сигурен сум дека овој закон, оваа материја ќе ја изрегулира и сигурно ќе даде квалитет повеќе. Должен сум да кажам за она од каде доаѓам, доаѓам од две општини Свети Николе и општина Лозово каде што и ден денеска отпочнува водната сезона и имаме големи проблеми. Имено за што станува збор. Проблемите се наталожени, ова го зборувам од практична точка, затоа што министерот треба да инкорпорира дел од она што значи од законскиот проект во праксата. Денеска системот Брегалница кој е со браната Калиманци посебно 3,4 и 5 во Овчеполието не функционира. Дојдовме до тој случај за целиот систем е распаднат. Бидејќи системот беше жив не плаќањето на дел од корисниците на вода направија таква работа контра услуга да дел се вонфукција. Така што кога дојде сезоната за наводнување имаме случаи да не профунционира, имаме огромни загуби на вода. Она што посебно ги иритира корисниците на системот 3,4 и Брегалница тоа се корисниците во општина Свети Николе и општина Лозово е во тоа што обезбедената, искористената вода никогаш не беа ставени на ист третман. Ако се знае дека едни од најредовните плаќачи на водниот надоместок се баш овие корисници на 3,4 и 5 никогаш не ја добиваа потребната вода за наводнување. Се случи и тоа да немаше ист третман на корисниците на системот кој е во еден склад, на 1 и 2 Брегалница со 3,4 и 5. Така што со години беа привилегирани првите корисници Кочани, Виница, а во Свети Николе и Лозово имаше тешки проблеми што не добиваа добар дел на вода. Она што треба посебно да се вгради во законот е тоа да не стои таму што во случајот, зборувам за водокорисниците, што во случајот ако не се обезбеди дадената вода. Затоа што луѓето планираат , прават производство, знаеме кога се сее и се сади, а знаеме водата кога доаѓа. Треба да се платат пенали. Во овој законски проект што е предложен не постои таква регулатива. Секогаш

во предност и во право ќе бидат вододавателите. Она што посебно треба да се каже во овој закон што стои е формирањето на управата, јавното претпријатие и фондот. Дали управата , фондот и јавното претпријатие ќе бидат тие институции кои треба да значат едно згрижување на сите оние луѓе кои работеле и живееле во овие јавни претпријатија во потсистемите. Она што посебно ќе ги интересира граѓаните се надоместоците и цените. Сигурно беше доста елаборирано и доста беше кажано околу зафаќањето на дел од надоместоците при полнењето на касата на фондот. Мислам дека треба Министерството во онаа втора фаза да даде образложение колку луѓе ќе има вработени, колку се средства, дали се овие средства доволни, или не се доволни. Затоа што ако се носи закон , законот треба да има своја тежина и да не се направи грешка во чекори со самото носење на законот да има на почетокот дефекти. Сигурно ја подржувам идејата овој закон да оди во две фази сс сите забелешки кои беа изнесени во текот на расправата да се инкорпорираат и да оди во две фази и да се донесе побрзо. Затоа што она што се случува во праксата кои деновиве знаеме, и министерот знае дека има проблеми во Овчеполието да не можат да функционираат дел од стопанските организации посебно земјоделските. Никогаш вода немаат добиено корисниците на системот 5, тоа се Лозово, Дорфулие,Тератманово, а имавме години каде што никогаш вода немаа добиено корисниците на системот 5, тоа се Лозово, Дорфулие, Тератманово, а имавме години каде што во стопанската организација од Кочани ја пушташе водата во празно, а не им даваше на корисниците да ја користат водата. Оние проблеми што останаа наталожени од онаа 1993 година не знам како Министерството ќе ги реши затоа што 1993 година беше ставена како сушна година. И од 1993 година се влечат долгови. Знаеме дека не беше истиот третман на корисниците во Овчеполието со корисниците во Кочани, затоа што на сите наши граѓани

во Свети Николе преку судски пат им е наплатен водниот надомест. Во Кочани тоа и до ден денес не е направено, туку се отпишани . Ако овој систем е затворен и ако се корисници на еден ист систем треба да ги уживаат и истите права и бенефиции. Сигурно дека овие забелешки министерот ќе ги има во предвид и ќе ги вклопи во Предлог законот.

**МИТКО РИСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани пратеници, пред нас дојде предлогот за донесување на закон за водите кои навистина е долгоочекуван и од едната и од другата страна, односно и од водостопанските работни организации, а исто така и од водо-корисниците. Ако ние во овој момент кажеме што значи законот за води, а во отсуство на закон за води на ниво на Република Македонија од 1981 година ќе дојдеме до една ситуација во која што и корисниците и водостопанските работни организации работеа така како што работеа. Нивното незадоволство од едната страна доаѓа до една ситуација што навистина го отсликува она што е реално кај нас. Мораме да признаеме дека во Македонија во овие тешки години сепак опстојуваше Македонија од ова земјоделие кое е неопходна гранка и кое навистина значеше за преживување на граѓаните во општината. Меѓутоа, две различни работи ни се јавуваат. Ако до 1990 година корисниците на водите немаа нешто поголемо значење во однос на плаќањето на својот воден надоместок од 1990 година наваму се створи тоа колкава е цената на водокорисникот. најверојатно од нас познати причини. Не функционирањето на пазарот надвор од нашата држава доведе до стагнација, односно пад на цените на земјоделските производи, односно намалување на извозот на земјоделските производи, а со тоа и намалување на сопствениот буџет на индивидуалните земјоделци кои се кај нас. Од тие настани севкупните

кои ни се присутни се јави една тензија која пред земјоделците остана како енигма во отсуство на овој закон од 1981 година се јави едно шаренило во неговото функционирање, бидејќи прашањата кои беа поставувани пред овој, или пред претходниот парламент беа решавани инцидентно, односно од случај до случај. Ако некоја општина побараше да се реши тој проблем тој ќе беше решен поединечно што во законот, во овој Предлог закон за донесување навистина го има своето место и како ваков треба да се подржи.

Овде се дискутираше доста околу значењето на овој закон. Сум на линијата што овој закон треба и по побрза постапка да се донесе, не со нацрт, туку да се оди со предлог аз донесување на закон. Прво ќе си го најдат местото сите оние субјекти кои се зафатени со ова. Радува фактот што станува јавно претпријатие што се формира, бидејќи јавното претпријатие ќе има најверојатно најголем удел и најголем надзор врз остварувањето на правата и на едната и на другата страна, односно водокорисниците и водостопанските работни организации. Сум на линијата да се формира единствен фонд, мислам на ниво на Република, а не по системите на сливови. Ова ќе го кажам од две основни причини. Првата причина е бидејќи сливовите ако во претходната поделба на Република Македонија значеа нешто сега со формирањето на нови 12 3 општини се јавува еден вакум во начинот на организирање, односно каде и кој објект се наоѓа и во нивното искористување во еден иден период. Така што мислам дека овој фонд на ниво на Република ќе го даде својот удел врз севкупната мината состојба презентирајќи ја и знаејќи каква е,состојбата и за нивно реализирање.

Во членот 141 до 145 каде што се зборува за начинот на прибирањето на средствата кои кажав од кои причини и на кој начин

истите се прибираат и од сите тие аспекти голем број на водокорисници денес се наоѓаат пред судовите, тоа е судбината не само во една општина, туку скоро целокупната состојба , а од друга страна викаме 80% сеуште нас површини во Републиката не се наводнуваат. Процентот од 25% дали е приближно добар, или не во однос на обезбедување вода за наводнување. Им аповеќе аспекти кои се мислам доста дискутабилни. Прво најбитно е какви нас ни се системите и од кога се, односно како се доведува вода дали се обезбедува од природни водотоци, дали се обезбедува од брани акумулирана вода, или се обезбедува вода по пат на уште едно додатно средство обезбедување на електрична енергија за донесување вода за наводнување, или вода за пиење. Тие се мислам три основни објекти во глобала кои навистина предизвикуваат разноликост во начинот на остварувањето и наплатата на водниот надоместок по авата основи, или вода за пиење, или вода за наводнување. Затоа оставам од стручен аспект ова да се расправа на ниво на една држава која ќе го даде својот удел. Мора да се има во предвид овде една навистина доста битна работа која системите некаде ги има, а некаде воопшто ги нема посебно во ридско - планинските краеви. Ако од една страна нашата политика е да ги развиеме, од друга страна и добро ги задолжиме мислам на почеток, тогаш каде ќе оди, а познавајќи ја структурата во земјоделието дека е над 60 години тогаш кој ќе управува и кој ќе обезбедува земјоделски производи за надвор од државата. Тие се битни разлики кои треба да ги имаме во предвид. Треба да се земат во предвид и критериумите кои треба да се користат за обезбедување на вода. Лично мислам дека 25% не е мал дел, туку е голем дел за обезбедување, но бидејќи државата јас мислам дека не 25%, туку и повеќе финансира во обезбедувањето на вода по основ на програми за реализација за доведување на вода, а сега веќе е и јавно претпријатие познавајќи ја јавноста на сите овие корисници водата од

колкаво значење е во нашата држава јас мислам дека во овој дел треба државата да си го превеземе она навистина кое и досега го финансираше под сопствена капа со тоа да изнајде правци и можности за развојот и одржувањето на каналската и постојните постројки било брани, или други водостопански објекти. Ќе кажам само два збора за Здружението за земјоделците. навистина е новина која треба се почитува бидејќи можеби таа демократичност по однос на овој закон за користење на ова е тоа, меѓутоа учеството на овие здруженија јас го гледам како еден коректор врз работата на водостопанските работни организации, така што со тоа се обезбеди тој правен субјект од страна на водокорисниците кои навистина сакаат да го обезбедат своето учество за добивање на своите права и обврски. Овие здруженија мислам ќе го доведат на испитување и самата водостопанска работна организација и целокупниот систем и целокупниот систем на водснабдувањето дали тој е во функција, она што и претходно некои дискутанти го рекоа да обезбедува пари само за свое егзистирање или пак треба да обезбеди за една проширена репродукција по однос на зафаќање на една друга каналска мрежа, односно обезбедување на други цевоводи во склоп на овие други работи.

Јас мислам дека овој закон после толку време се наоѓа пред нас, а неговата важност го даде своето и присутноста на министерот, заедно со сите субјекти од соодветните министерства мислам дека ќе ги земат предвид овие наши забелешки, ќе ги стават по предлог законот и за еден пократок период ќе биде пред нас со што ќе ги прекинеме сите оние маки на организациите, а исто така и маките на водокорисниците, кои навистина се чусвствуваат кај нас. Јас тука ќе завршам со надеж дека во една побрза постапка законот ќе биде пред нас и ќе се решат овие проблеми по законската регулатива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И последен има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници, навистина сум последен дискутант, но ме радува тоа што моите колеги кажаа доста за овој закон, што значи се дискутираше за проблематика која ги тангира граѓаните на РМ и затоа сакав и јас да кажам неколку зборови.

Доста се кажа и тука се спомнуваше член 11, кој го регулира приоритетот при водоснабдувањето. Морам да Ви кажам дека добро е што во законот така се предвидува, меѓутоа уште подобро ќе биде ако во праксата се најде некој механизам за да се спроведува како таков членот на овој закон, затоа што искуството ни кажува дека сме добиле одговори кои навистина не одговараат на постојниот член 11 од законот за водите. Зошто го велам ова?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**( продолжение)

Да речеме, од моето искуство, од искуството на мојата изборна единица, кога сме барале водостопанска согласност, еден од одговорите беше и овој: Не можете да бидете приклучени односно вклучени во градската мрежа односно водоводната мрежа од Рашче, затоа што дел од водата се користи во индустријата, дури е кажано каде. Да речеме, во рудници и железарница. Секој респект, ние треба да имаме индустрија, но има начин како да се снабдуваат со вода индустриските објекти а не со приоритетот, односно во секојдневието да се ваде вода таму каде што имаме индустриски објекти, а да се добива одговор дека нема капацитет вода за пиење за одредено население. Зборот ми е да нема некоја голема сложеност во добивање на тие дозволи односно во добивање на тие проекти за водоснабдување на некое населено место и за да бидеме ефикасни треба да бидеме поединставни. Да речеме, тие заводи како што е Заводот за водостопанство, хидроеколошки институт, тоа се веќе институции кои се докажани, институции кои спрема Министерството за земјоделство односно во однос на Владата веќе имаат и одговорност, затоа што обично тие што бараат вода или водоснабдување можат да бидат, и претпоставувам дека се лаици во тоа дека со бушење дали таа вода е здрава за пиење, дали има доволно вода за водоснабдување или нема, затоа што веруваат на тоа што е стручност. А кога веруваат на тоа што е стручност, тие што имаат стручност треба да одговараат пред одреден орган или пред одредена управа за да може да се оди да речеме и со самопридонес да не излезе да речеме да се оди на водоснабдување, да се потрошат средства и после една - две години никој да не сноси одговорност, после тие потрошени средства во смисла - па ние тогаш мислевме дека има доста вода, меѓутоа, сега испаѓа дека нема. Обично тоа се случува кога се оди со бушење, бунари итн.

во врска со водостопанската согласност исто така треба да има човек, дали тоа ќе биде одговорен, прв човек од Министерството за земјоделство и шумарство или од некоја друга управа, меѓутоа, треба да биде институција која навистина ќе биде одговорна. Зошто? да речеме имаме прилики да слушнеме - јас овие денови слушнав и морам со примери ова да го кажам, затоа што навистина ќе влијае и Законот да има механизми на ефикасност. Две мали кичевски села имаат едно изворче некаде во средината на атарот на двете села. Овие денови тоа го слушнав. Постои можност во тие села не да се користи некое изворче кое не може да снабдува ни 35 куќи или домови ни 250, туку некое изворче кое не снабдува две села па не може да снабдува ни едно село. Меѓутоа, чувствително се појавуваат да не кажам караници, се јавуваат непожелни односи меѓу тие села или тие населени места, а кога може, после поставување на едно прашање, ако се дава дозвола односно водостопанска согласност, може да се даде од јавното претпријатие да речеме во Кичево или од Министерството за урбанизам и другите министерства, така што ефикасноста многу значи во овој случај, и за да бидеме подинамични во тоа што е водоснабдување, а и да не се создаваат непотребни проблеми.

Бидејќи законот е во фаза на донесување, очекувам дека предлагачите сите овие наши сугестии ќе ги прифатат и ќе имаме добар закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, за мене е многу разбирлив интересот и времето кое го потрошиме, иако на самиот почеток во првата фаза од донесувањето на овој закон и тој интерес го

искажува водата како една течност, материја која живот значи за луѓето, за растенијата, за животните, затоа што водата не- доволно ја имаме и така недоволна, во овој момент уште и со една организираност и однесување кое што го имаме исто така прави одре- дени проблеми кои ја зголемуваат тензијата.

Понатаму, во добар дел од ова што го имаме како пракса од водата сме зависни од природните, атмосферските прилики и најверојатно спремен сум да кажам дека нашето досегашно однесување спрема водата во праксата, тоа што го знаеме од теренот, исто така предизвика ваков интерес, вакви предлози и дискусии кои длабоко сум убеден се во интерес на тоа да донесеме добар закон, да направиме добри пред- видувања и кои што сепак, еве на почетокот на моето излагање, сакам да кажам дека доколку не го измениме нашиот однос и како вододаватели и како водокорисници во случајот, затоа што за нас во Министерството не постои дилема. Ние сме ресорно министерство и на едните и на другите. Според тоа, ниту имаме, ниту можеме, ниту смееме да правиме поделба, некого да ставиме во една или друг во друга позиција поволна или понеповолна. Поголемиот дел од дискусиите кои јас внимателно ги следев и бележев се однесуваа повеќе на тоа што го има во праксата, одредени пропусти, одредени слабости, одредени однесувања, кои во секој случај прават водата да е скапа а таа е најскапа кога ја нема. Колку и да е скапа, кога ја има, кога се донесува до плодните полиња, кога има резултати, таа не е скапа. Но скапа е, кога ние се однесувам бахато, неорганизирано и тогаш се јавуваат оние реакции, не плаќаме, не даваме итн., што сепак во крајна линија е апсолутно на штета на земјоделското производство. Затоа што оваа материја, водите, системите за наводнување, тоа е само една трансмисија и еден организиран механизам, преку кој водата треба сепак да дојде до плодните полиња, до земјоделските култури и оттаму да биде извлечена целокупната

корист и да се алиментираат и оние кои го организираат донесувањето на водата и самите земјоделци, а во крајна линија и државата како организатор на целокупната оваа работа. Оттука, ја нагласувам потребата и чувството, ќе ни биде многу потребно сите субјекти и од едната и од другата страна во наредниот период да имаат далеку пореален и поодговорен пристап кон водата, кон нејзиното правилно искористување и таков закон, такви решенија мислам дека само можат да не донесат до добри резултати.

Реков дека ги следев внимателно и ги бележев дискусиите, сум благодарен и сигурно ќе се обидеме најголемиот дел од нив реално, според концепцијата на законот, да можеме да ги вградиме. Сигурно, свесни сте и вие дека сите предлози - дури и овде во дискусиите за одредени членови имаше различни мислења, така што сите тие не можат да се внесат. Но ветувам дека со најголемо внимание ќе ги разгледаме.

Би сакал да кажам само неколку работи, а тие се за нас во основата на законот и сега малку да ги прокоментираме и заради вас и заради јавноста, затоа што тие заслужуваат такво внимание. Тие се врзани и овој закон, како што беше тука спомнато, се допира до многу други закони, а меѓудругите и до законот за трансформација на организациите кои се занимаваат со земјоделско производство, каде што водостоапнските објекти се исклучени од процесот на трансформација, односно од процесот на приватизација, па оттаму и во овој закон решенијата и предлогот е водите, да бидат од јавен интерес и дека водите се државна сопственост. Ова е многу заначајно, затоа што во натамошните решенија, во натамошните членови се диктираат такви / решенија кои произлегуваат од тоа што водата е јавен интерес и водата е во државна сопственост.

Друго прашаше кое беше доста експлоатирано, тоа е прашањето зошто е предлогот да се организираме во едно јавно претпријатие. Тоа е од неколку причини.

Прво, ако ја анализираме Македонија, Вардарскито слив зазема скоро 80% од сите води тука во Македонија, додека на Црнодримскиот слив отпаѓаат 13% и на Струмичкиот слив само 7%, така што ова претставува една целовитост на водите и заради фактот што, особено со Република Грција и заради тоа што Вардар е меѓудржавна река, имаме потпишано договори со кои сме се обврзале дека за одредените промени, одредените дејствија што сакаме да ги преземаме двете држави ке се договарат и ќе бараат одредени согласности.

Вториот елемент во кој што се определивме на едно јавно претпријатие е заради тоа што на водите тешко можат да им се постават граници, тие честопати се измешуваат како површински, подземни води, истечени итн., и оттаму врзано за ова што е доминантен Вардарскито слив тоа не раководеше да одиме со предлог решение за едно јавно претпријатие.

Понатаму, и ние го имавме предвид тоа што најмногу во дискусиите од пратениците беше истакнувано, а тоа е прашањето на - сегашните односно досегашните состојби. Во таа смисла само неколку податоци: пред се, сега имаме организираност по реони, региони, општини, самоуправни организациони единици во државата, и каде што во секој случај податокот од 124 илјади хектари досега евидентирани изградени системи за наводнување, одвај 60-тина% се во функција, а другото стои или оштетено, некорисно и не ги дава очекуваните резултати.

Исто така, и прашањето со наплатата на водениот надоместок е доста значајно. Да не речам тоа е многу лошо и има свој одраз во секогашните состојби. Оттаму се определивме сепак за едно јавно претпријатие, за да може да се изнајде решение за ваквите состојби и во

секој случај да ги поправи во однос на тоа што се денес такви.

Тоа се нашите размислувања кои не раководеа да одиме со едно јавно претпријатие на ниво на држава.

Исто така, прашање кое најмногу доминираше овде, врзано за членот 141 односно"сталниот"дел, таканаречен популарен кај луѓето. Во секој случај, ние тргнавме од една многу позитивна страна, предлагајќи ваков процент за постојаниот дел. Прво, заради тоа што тоа се минимални трошоци извадени од калкулациите кои се потребни за одржување на системот, независно од тоа дали ќе се дотури вода односно дали ќе се користи или нема да се користи вода. Дури, јас би го поставил и обратно прашањето: Предлогот да го избришеме постојаниот дел дали ги ослободува водостопанските организации од обврска и ако не му дотури - тоа не е цел, дали ќе плати воден надоместок или нема да плати. Нашата цел е водата да се доведе до нивите, да се доведе до културите и да се добие резултат. Во таа смисла протежираме склучување на договор и доколку не се исполнат обврските на договорот, дури да се плаќаат одредени оштетувања, бидејќи тоа би била правата надокнада. Не надокнадата дали 25% ќе плати или нема да плати. Во крајна линија, замислата на овие 25% е, да речеме во некои идеални години, кога при- родата ќе биде така издашна па системите не ќе бидат толку потребни и корисни, за да сепак нивното одржување се овозможи, затоа што се изложени на надворешни влијанија. Сепак, одреден минимум пред се на амортизација, на работна сила и на трошоци кои се потребни за одржување на системите да ги покрива овој дел. Нашиот предлог го образложуваме со тоа, а не со тоа водостопанската организација да ја обезбедиме со тие 25%, за да егзистира сепак на одреден начин. Дури да го кажам и тоа дека непостоењето на ова или тоа што го имаме во праксата, имавме состојба во некои водостопански организации каде и до 80% се движеше сувиот дел, што практично беше

и основната причина на луѓето да негодуваат, да не плаќаат, ова што беше тука кажувано да се водат долги мачни расправи по судовите кои најчесто завршуваа на штета на земјоделските производи и на земјоделското производство.

Трето, со неколку зборови би сакал да кажам, за тоа што имаше и спротивни дискусии, тоа е новиот дел, едноставно новината во овој закон, односно воведување на можност за формирање на водокориснички организации. Веќе имаме видено некои искуства, а Турција е посочувана како земја која на овој план има најмногу направено. Ние нарочно не одиме на тоа изрично да кажеме дека мора да с формираат туку законот дозволува дека може да се формираат такви организации, заради што и во проектот на Светскста банка, кој се надевам брзо ќе дојде до ратификација на Собранието, ни се остава можност од 2 години, да формираме неколку такви пилот проекти построенија, односно водокориснички организации за да видиме како би функционирало тоа во наши услови. Во овој момент големата резервираност ни е во тоа што имаме многу уситен посед, голем број корисници на одредена вододелница итн., понатаму дека докрај не функционира одредена инфраструктура, што значи одредена услуга при одредени дефекти и одредени состојби кои можат да настанат во праксата, дека тоа не е организирано да може брзо и ефикасно да делува и сепак корист од тоа што водокорисниците ќе управуваат со дел од системите да биде вистинска и да резултира со одредени резултати. Затоа, мислам дека е добро, следните две години ќе ги видиме сопствените искуства, така што ќе можеме да се произнесеме односно веројатно и луѓето, нашите луѓе знаат што е добро, знаат да изберат што е во нивен интерес и мислам дека доколку тоа навистина направи добро и кај нас, брзо, и лесно ќе го прифатат

Доста беше дискутирано к прашањето на одржување на цената. Јас мислам дека имаме добро ставено во законот, но во секој случај прифаќам и на ова прашање, во смисла на тоа и другите јавни

претпријатија како ја формираат цената, доколку сме во функција, ако нешто отстапува од такви решенија кај другите јавни претпријатија, сме спремни и тоа да го вградиме, така што да биде максимално на задоволство и на едните и на другите.

Не би сакал повеќе да се задржувам, затоа што за другите поединечни членови кои беа коментирани ја кажав нашата спремност да ги разгледаме и по можност да ги вградиме во законот. Беше искористена можноста дискутирајќи по овој закон, да се постави прашањето за другите закони од областа на земјоделството. Нека ми биде допуштено на крајот да кажам два три збора, затоа што законот за шуните е во законодавство, тоа трета завршна фаза и се надевам дека брзо ќе дојде и во Собранието. Исто така, во законодавство почетните фази се на законот за семе, законот за заштита на растенијата, законот за вино, така што мислам дека полека ќе ја заокружуваме законската регулатива од областа на земјоделството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за водите.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието, да се доставaт до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

<u>Минуваме на точка 14</u> - Предлог за донесување на закон за вршење занаетчиска дејност.

Предлогот за донесување на законот со извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

Има збор господин Таири.

IX/2.-

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Предлогот за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност, според мое мислење е добар обид да се стимулира, можеби, оваа дејност, но уште веднаш на почетокот да кажам дека со предложениот текст на законот сметам дека не се постигнува тоа, односно со овој закон не се обезбедува заштита и стимулација на занаетите. Кога го велам ова мислам на занаетите кои што на некој начин многу често се констатира дека изумираат или дека нема интерес за вршење на истите. Сметам дека во самите начела треба да се појде од зачувување и стимулација на старите занаети дури и преку одредени мерки кои што ќе претставуваат и даночни олеснувања, олеснувања по однос на вршење на дејноста, олеснувања по однос на стимулации кои што државата евентуално би ги давала директно како финансиски средства и редица други содржини кои што би значеле поттик за оваа важна дејност во Републикава.

Понатаму, сметам дека, при определувањето на поимот "помал занает" односно работи кои што се вршат во една деловна просторија која што потпаѓа во занаетчиство и занаети, сметам дека треба да се оди со решението дадено во член 4 како алтернатива, а не да се ограничи со редица параграфи кои што сметам дека со преголемото регулирање на оваа дејност дефакто значи отежнување на вршењето на оваа дејност.

Во делот каде што се предлага водење на соодветна политика од страна на општината, односно градот Скопје за занаетите сметам дека треба да се пристапи кон одредени измени на предлогот кој што е содржан во член 10 и дека не може градот да определува каде ќе се одвиваат занаетите по однос на сите занаети без да се направи дистинкција по однос на тие кои се бучни, кои се нехигиенски и тн.

IX/3.-

Не може да се остави општината, односно градот Скопје, било кој да е, да води таква политика, односно дека би требало акцентот да се стави на едно друго прашање. Имено, може општината, односно градот Скопје тргнувајќи од интересите, обичаите кои што постојат во одредено подрачје да води стимулациона политика кон занаетите со тоа што би одредила одредени квартови, улици или не знам какви други подрачја во кои што преку стимулација би се произведувале одредени производи интересни за пазарот и дури би можело тие истите да се откупат од страна на организиран субјект. Но, во секој случај, сметам дека треба да се најде начин да се стимулираат особено старите занаети по одредени подрачја во градските средини.

И, во еден друг закон како и во овој имавме можност да се соочиме со обидот да се востанови една категорија на граѓани кои што можат да вршат одредена дејност во Република Македонија, односно да се исклучат сите други кои што не се државјани на Република Македонија. Сметам дека ова се коси со интересите на Република Македонија да обезбеди односно да биде привлечно место и за тие што не се државјани на Република Македонија да вршат соодветна дејност во државата па затоа сметам дека во член 12 точката 1 како услов за вршење на занаетчиска дејност да биде и државјанин на Република Македонија, треба да се брише.

Во член 34 односно глава IV каде што се третира домашното ракотворење, сметам дека државата, односно органите на управување навлегуваат во една многу деликатна сфера која што бара малку поголемо внимание од, ова што е посветено во самиот закон. Имено, во законот се третира ракотворењето од лице или членови на семејство и дури во наредната глава се пропишуваат и соодветни казни за тие кои што нема да се придржуваат кон овој закон. Сметам дека се навлегува длабоко во приватноста на луѓето во една фамилија, сметам дека

државата не би требало во никој случај да се обидува преку вакви ситни работи да обезбеди свој опстанок дека во оваа сфера треба да се дозволи апсолутна дерегулација, односно да не се меша државата во тоа што граѓаните го прават со свои раце.

Доколку се работи за организирано ракотворење за потребите на одредени лица кои што производите ги изнесуваат на пазар, сметам дека за тоа треба посебно, односно со посебен член да се апострофира тоа, но во секој случај сметам дека државата не би требало да се занимава со малите, ситни препродавачи на рачни ракотворби.

И на крајот, би сакал да кажам дека тоа што важи претпоставувам и за повеќе закони во сферата на казнената политика и во овој закон имаме слични нелогичности имајќи ја во предвид економската и социјалната состојба на граѓаните во Република Македонија. Имено, казните кои што најверојатно произлегуваат од Законот за прекршоци се премногу високи и не се соодветни на економската моќ на граѓаните во Република Македонија. Како пример би го зел членот 46 точката 3 по однос на тоа да одредено лице не го почитува работното време, имено знаеме дека повеќе занаетчии од разни причини може да излезат накратко од својот дуќан, да го затворат или во повеќето средини поради разни причини истото да се случи и лицето заради тој прекршок кој што може да биде во многу краток временски период треба да биде казнето со парична казна од 10.000 до 35.000 денари.

Сметам дека казната е премногу висока и дека треба уште еднаш да се види можеби во самата класификација на тежината на прекршоците не е нешто во ред и дека би требало да се категоризираат во прекршоци кои што се казнуваат со пониски износи.

И, да завршам, доколку со овој закон не може да се обезбеди заштита и стимулација на занаетчиството, јас мислам дека најдобро ќе биде да не го донесеме воопшто овој закон.

IX/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Занаетчиството се наоѓа во еден момент каде што во севкупните движења и развој на технологијата беа навистина потиснато, но државата е таа која што ќе треба да изгради или да донесе критериуми за негова заштита. Во тој контекст го гледам и донесувањето на овој закон и сакам да кажам неколку забелешки, мои гледања на тоа. Исто така потекнувам од крајот каде што занаетчиството има свои традиции и свој развој.

Забелешките конкретно се однесуваат на членот 2 кој што регулира што е тоа занаетчиска дејност. Покрај занаетчиското производство, занаетчиските услуги, уметничките занаети, предлагам тука да стојат уште две одредници кои после тоа се спомнуваат во законот, тоа е, домашното ракотворење и продажбата од место на место. Во основните одредби тоа би требало да стои бидејќи потоа имаме две поглавја кои оваа материја ја регулираат. И, обратно, ако тука не стои тие две поглавја да ги сврстиме таму во категоријата на уметнички занаети.

Во членот 4 каде што го регулира и дадена е алтернатива што е тоа помал занает сум за првата одредница, одредница од два вработени. И тука се прашувам, дали врзувањето на занаетчијата со примањето на двајца работници е во склад со законот, бидејќи ние сме сведоци овде на една одредба што ја имавме дека самото врзување со одредена фирма или претпријатие условено со бројот на работниците падна.

Понатаму, занаетчијата да не се ограничува за територијата на Република Македонија. Седиште да има во една општина, но неговото делување и работење да може да биде и на други општини.

Посебно внимание заслужува членот 13, а тоа е кој може да обавува занаетчиска дејност и каде што изричито стои дека тоа не може да го врши граѓанин кој е во работен однос. За тоа сум да. Понатаму продолжува и корисник на пензија. Република Македонија во моментов ова е едно од решенијата за да ја намали тензијата од невработеноста и од притисокот, сметам дека корисникот на пензија може да обавува и занаетчиска дејност со тоа што уредно ќе биде пријавен во Министерството за финансии, каде уредно ќе ги измирува давачките од оваа додатна за него дејност на некој си паушален основ и едноставно ќе допринесе за развој на занаетчиството, со тоа што сопственото искуство ќе го пренесе на помладите кадри кои се заинтересирани.

Друга работа што сакам да ја спомнам таа е тесно поврзана со овој закон и дали ќе изумре занаетчиството, тоа, овој закон не го третира, но тоа е даночното оптоварување. Занаетчиите се тие кои често на своите состаноци овие заложби ги изнесуваат. Државата мора да изнајде механизам за нивно ослободување во смисол на стимулирање на занаетчиството, дали тоа ќе биде година или две, особено на оние занаети кои се пред умирање. Имаме ние жители на одредени села кои се занимаваат и живеат исклучиво од таа занаетчиска дејност, сериозно да се оптоварени со давачките кон државата. Тоа нема многу да значи за државата, а во секој случај многу ќе значи за одржување на тој занает, односно негово опстојување.

И последно да речеме, што може да се спомне е што со оние занаети кои навистина во оваа држава изумреа, а нивното значение и те како е битно. Сметам дека тука е можно механизмот на стимулирање,

стимул на оние занаетчиски дејности кои се пред изумирање. Јас толку би имал по овој предлог-закон и сметам дека ова е посебна спона од делот на стопанството каде покрај фирмите и претпријатијата и трговецот како поединец не беше зафатено со Законот за трговски друштва, туку еве сега со овој закон си најде свое место.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Овој закон го изнуди законот за трговски друштва. Инаку, добро рече колегата Таири ризично е неговото донесување ако не биде во функција на она што сакаме да го постигнеме. Но, бидејќи оваа дејност со законот за трговските друштва не е зафатена мора да се донесе закон, меѓутоа јас ќе иницирам едно есенцијално прашање, а тоа е членот 4 кој што дава едно прашаше кое ако не го разјасниме, ако законот не го дефинира, овој закон практично ќе биде промашен и депласиран закон. Целата философија на овој закон точно се темели на членот 4. Што е тоа помал занает затоа што овој закон се однесува само на дејности што значат помал занает. Па се објаснува дека помал занает е вршеше една или повеќе дејности, занаетчиски доколку взаемно се дополнуваат, вршење на занаетчиска дејност и личноста на занаетчија и најмалку двајца или пет работници, вршење на промет и услуги и дејноста да се врши само во една деловна просторија доколку со пропис определено дејноста се врши во деловна просторија.

Многу непрецизни работи. Прво, една или повеќе дејности кои што се надополнуваат, а ние знаеме дека најчесто занаетите се дополнуваат,едно браварски работи,второ електро работи, трето електро итн. Итн.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (**продолже ние)

Понатаму, кој ќе може да одреди и кој ќе може да забрани ако во една деловна просторија, а таа е со поголеми габарити се вршат повеќе фази од една дејност?

Понатаму се вели дека помал занает е ако се работат работи на парче, земени по мерка и тн. кое што ниту е финансиски ниту габаритно одредено. Може да се изработат дневно 100 парчиња, а во евиденцијата да се прикажат како реализација за седум дена. Тоа повторно да биде во тоа - помал занает.

Во просторијата можат да се обавуваат повеќе дејности, но велиме дека предност треба да имаат оние дејности каде максимум треба да се употреби работна рака а минимум материјал. Има и такви занаети. Ако се мисли за стимулација на таквите занаети, овој закон ќе има свое место и треба да помине. Меѓутоа, се друго е толку недефинирано што јас се плашам дали овој закон ќе може да биде ставена во функција.

Кој ќе биде тој кој ќе одредува мали серии, големи серии бидејќи не се нагласени. Не стои минимум-максимум. Кој ќе одредува тоа дали има карактер на индустриско производство или не? Мислам дека овие работи мораат да бидат регулирани затоа што инспекциите и контролата ќе имаат огромни проблеми.

Прашањето на два или пет работници мислам дека треба да биде пет работници затоа што со Законот за работни односи не ограничуваме број на вработени и интересот да имаме контрола на оваа дејност, се подразбира дека тие пет работници ќе бидат пријавени и ќе ги плаќаат сите давачки.

Согласен сум со претходните дискутанти дека е добро можеби во овој закон да се набележат дефицитарните занимања, занимањата што се на одомирање, што ќе имаат одредени стимулативни мерки за да можат тие занаети да опстанат.

Прашањето околу можноста занаетчиска дејност да обавуваат пензионери и вработени луѓе, голем предизвик за сите нас. Ние би сакале практично да нема дополнителна работа, да имаме таков стандард, такви можности и таква контрола. Меѓутоа, ако секому дозволуваме трговија, сега за занаетчиска дејност ограничуваме дали смее со Уставот и со Законот за работни односи. Меѓутоа, не значи дека тоа треба да биде без контрола. Мислам дека тука треба да се најде некоја средина, секој кој обавува дејност, било каква, основна или дополнителна треба да ги подмирува давачките кон заедницата.

Сега го имаме принципот на паушален придонес и тн. и тн. па да размислува ресорното министерство во оваа смисла.

Членот 12 каде што се бара да е државјанин на РМ , мора да остане. Не се согласувам дека нам ни требаат занаетчии и работна рака. Нам ни треба капитал во големи фирми, не ни треба во она што значи намалена работна сила што ја имаме во огромен број. Странските државјани треба да дојдат тука, да отвораат фирми, да вложуваат капитал, а вработувањето да го понесат државјани на РМ. Мислам дека ако може повторно повторувам овој закон да се вгради, да се најде место во Законот за трговски друштва, како некој анекс  надополнување ќе биде подобро отколку со оваа материја, да знаете, ќе создадеме огромни проблеми и на извршителите и на власта и на Министерството , инспекциите и на сите нас како граѓани. Ќе доаѓаат луѓе, не ќе можеме да излеземе од тоа запетлано јаже ако остане вака недефинирано. Мора да има строга дефиниција затоа што кој ќе го одвои сега помалиот бравар од поголемиот? Велиме помал занает. Занаетот е еден дами и господа. Има обем, има специфичност има технологија, има опрема. Има автоматика и тн. Инаку, помал или поголем занаетчија не постои. Постои добар или лош занаетчија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Ќе бидам многу кратко, сакам да кажам одредени мои забелешки на еден ваков закон што ни се нуди, а по мене многу значаен бидејќи регулира една многу значајна област, занаетчиството. Според мене, законот има неколку пропусти што ќе мора да направиме напор да ги отстраниме затоа што во практиката во спроведувањето на овој закон ќе наидеме на такви проблеми со кои што тешко ќе се справуваме.

Ги поддржувам сите дискутанти кои се залагаат занаетите што изумираат да се стимулираат, да се најде начин, законска одредба со што таквите занаетчии ќе им биде дадена можност за оживување, затоа што навистина постои потреба од одредени занаети, како сарачи, ковачи и други. Мислам дека сеуште постои таква потреба, само треба да се мотивираат, стимулираат со законска одредба.

Друга работа со што не би можел да се согласам, во ова законско решение што се нуди е што се бара занаетчијата кој треба да обавува една занаетчиска дејност задолжително да има одредена квалификација, двогодишна или некоја додатна квалификација. Според мене тоа не би требало да биде содржано во законска одредба затоа што живееме во една нова ера, ера на пазарно стопанство и секој еден колку е способен или неспособен веќе нема да биде важно дали има одредена диплома. За тоа ќе кажува пазарот колку знае да го изработи својот занает. Затоа се залагам да не мора да биде квалификацијата да ја докажува со одредена диплома за да може да обавува одредена занаетчиска дејност. Уште повеќе заради одредени занаети што изумираат, затоа што не постои таква институција, установа што ќе може

да даде валиден документ, оценка на неговите способности за обавување на таквата дејност.

Друга работа за која што се залагам и мислам дека предлагачот треба да прави напори до другата фаза кога ќе дојде да не стои одредба е фактот каде што меѓу условите , дури прв услов за да може да обавува една занаетчиска дејност е да биде државјанин на РМ. Според мене тоа не би требало да биде услов затоа што ние донесовме закон за странски вложувања. Значи, пред некого кој мисли да вложи капитал во РМ за обавување на одредена занаетчиска дејност ние тоа право му го скратуваме. Уште повеќе ако се има предвид дека со Зкаонот за добивање државјанство граѓанинот за да добие државјанство на РМ треба претходно да биде жител на РМ три години. Значи тие три години граѓанинот кој сака и треба да се здобие со државјанство на РМ не му се дава можност да работи , да заработи во една занаетчиска дејност ако е квалификуван. Од друга страна и друг услов е да мора да биде , според Законот за државјанство да има финансиски извори. Според мене оваа одредба не би требала да остане како услов да биде државјанин на РМ за да обавува една занаетчиска дејност.

Една друга забелешка , законски престанок за обавување на занаетчиска дејност е ако престојува повеќе од шест месеци во затвор. Такво ограничување мислам дека не би требало, освен ако не се работи за проблеми или заради кривично дело кое што директно се однесува на занаетчиската дејност со кое се бави.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бекир Жута, министер за стопанство и потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Не мислам да дадам одговор на поставените прашања. Законот ќе оди во втора фаза и се што е за прифаќање веројатно ќе биде вградено, но да кажам за основни прашања.

Се работи за следното, квалификацијата дека не треба да се донесе ваков закон. Тој е наметнат со донесувањето на законот за трговските друштва. Затоа што со Законот за трговските друштва, со неговиот соодветен член престанал да важи законот за овие дејност1 освен минимум одредбите што треба да ја одржуваат врската.

Второ, овој закон ги уредува прашањата за условите и начинот на вршењето на занаетчиската дејност, но не го уредува прашањето на кредитирање на занаетчиствоот, прашањето на даночната политика во сферата на занаетчиството, ниту е предмет на овој закон тие прашања да ги уредува, ниту да ги диференцира по субјекти кој ќе ги спроведува тие политики. Тука има место и за Републиката, има место и за Собранието на општините.

Трето, не знам каде читате, дали има мали и големи занаети. Овде се прави една дефиниција што се подразбира под мал занает. Ако тој не е регистриран како трговец поединец односно трговско друштво , може да се регистрира како занаетчија и таа дејност да ја врши по следните услови. Нема голем или мал занаетчија. Ако е вон од овие критериуми и услови утврдени во член 4, тој е регистриран во судскиот регистар како трговец - поединец од- носно трговско' друштво и важат други правила на игра за обавување на неговата дејност. Не важат правилата на овој закон. Мислам дека треба да ги имаме предвид овие работи.

Инаку, не мислам овде да давам одговор на прашањата што беа покренувани. Прашањата ќе ги анализираме и во образложенијата сите што се за прифаќање ќе ги вградиме. За другите ќе дадеме одговор зошто не е можно да се вградат.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за вршеше занаетчиска дејност.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?
(шеесет и три пратеници )
Дали има некој против? (нема)
Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)
Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок .

Минуваме на точката Петнаесет- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, законот што го предлагаме, група на пратеници, да објаснам малку, претставува исто со член 5 од Законот за плати што го имаме донесено 1994 година, број 70. Значи, немаме измислено ништо ново, тоа претставува член 5 од Законот за плати.

Меѓутоа, тој е преиначен со една одлука во која што Законот за плати, каде е речено дека ПИО ќе се плаќа на просекот на гранката, а со Одлуката е речено дека ќе се плаќа на просекот на стопанството на Републиката. Таква стопанска нелогичност можеше да се издржи шест месеци, една година или слично. Меѓутоа, овој Закон, односно оваа Одлука ја имаме на сила веќе две ипол години, така што стопанството се најде во извонредно тешка ситуација. После две години, две ипол години, навистина е време да разговараме на оваа тема и да донесеме односно да го преиначиме тоа.

Зашто се мотивите на предлагачите да направат таква измена, односно да се почитува Законот за плати, бидејќи околу 150.000 вработени во земјата не плаќаат ПИО. Има организации и до 50 месеци. Десет гранки не плаќаат, односно имаат просечен личен доход под 4.000 денари и нивното оптоварување, основицата што им е, е зголемена од 50% до 105%. Значи, имаме значително оптоварување на десет гранки

што имаат просек под 4.000, а знаеме дека просечната плата се зголемува стално, таа расте, а во пракса платите на овие мали, ниско кумулативните гранки опаѓаат. Со тоа, практично, се повеќе се оптоварени и се поголема е можноста да не се плаќаат, таа можност се зголемува.

**МИРКО ПЕЦОВ**: (Продолжение)

Имаме извештај дека и на почетокот на годината ова неплаќање се зголемува за 20%.

Фактички ние немаме каде да бегаме од овој проблем бидејќи сме одговорни и тоа не е никакво противвладино решение, туку особено ние што се занимаваме со стопанство и сме присутни во Парламентот должност ни е навистина да укажеме на овој проблем и нема бегање од тој проблем. За тоа некој на комисиите ќе речеше дека тоа сакаме да го протуриме на мала врата, бидејќи го предлагаме како предлог за донесување на закон, но јас мислам дека ние мора да ги подотвориме, дали мала или голема врата, бидејќи пензионерите не примаат навреме пензии, гледаме дека во последно време пензиите каснат. Работниците не примаат плата а со тоа фактички приходите на Фондот, некој ќе речеше сакаме да ги намалиме. Не ги намалуваме приходите, тие сами се намалуваат затоа што не се плаќа а тоа значи дека сами се намалуваат приходите и ние мораме да се свртиме кон изворот. Изворот е стопанството, реалниот извор е тоа и мораме да се свртиме таму за да не го укинеме изворот. Доколку го укинеме, доколку го уништиме таквиот извор кој работи денонока за мали плати, а од друга страна не можат да обезбедат просечна плата од 5730, колку што се плаќа, половина од стопанството обезбедува пониска плата, значи крајно е време и многу актуелно за овој проблем да се разговара.

Никако не сакаме да се цавтиме дека разговараме за намалување на пензиите бидејќи тоа е многу битно. Ние пензионерите не можеме да ги зголемуваме без реални извори. Ако ги укинеме реалните извори немаме трајни основи за пензиите. Ние сепак зборуваме за една трајна регулатива која ќе треба да ја донесеме.

Овие нелогичности во последно време, пред неколку дена гледав во "Вечер" американската агенција за меѓународен развој ни нуди помош и решение и гледа дека кај нас таа материја не е регулирана и дека не може да држи веќе. Понатаму, има предлози на Светска банка повеќе наше инсистирање и при разгледувањето на комисиите гледам дека никој не е против таа работа, меѓутоа сепак на две комисии не помина, а матичната комисија за оваа проблематика даде поддршка во смисла дека треба да помине првата фаза на овој закон, со цел да се утврди потреба Ние како предлагачи сме доста широки околу тоа и Владата ако има свои новини, ако сака да го дотерува Законот ние ќе прифатиме во наредната фаза се што ќе биде понудено паметно во оваа регулатива. Меѓутоа, свесен сум, и предлагачите, а и многу од пратениците сме свесни дека таа материја е наджывеана и дека таквата регулатива можеше да остане неколку месеци. Да остане две ипол години не држи и јас затоа предлагам ние како пратеници да ја усвоиме првата фаза од овој закон. Да утврдиме потреба дека треба да извршиме измена на оваа материја, на оваа регулатива а понатаму во соработка со Владата, или Владата нека понуди колку сака решенија, добри решенија ако се, ние не бегаме од овие решенија меѓутоа ако не го гледаме проблемот во очи, мислам дури и јас како пратеник и многу од стопанството ќе ни забележат што ние правиме. Ние можеме да се потрудиме тука да ги објасниме работите, меѓутоа ако не можеме да ги објасниме и ако немаме Влада која ќе го сфати тоа, мислам дека и ние нема што да бараме. Затоа Владата ќе се судри со проблем и на пензионери и на работници, а и ние колку ќе бидеме неопходни ако не носиме витални, битни решенија. Еден член ако е мал по текст, го зафаќа секој работник, го зафаќа секој пензионер. Има многу такви проблеми, меѓутоа нема бегање од нив. Затоа јас предлагам да се усвои првата фаза и да го дополниме и да го доработиме во втората фаза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господинот Горѓи Атанасов.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско инвалидско осигурување на Македонија ќе предизвика сериозни последици првенствено во Фондот за пензиско инвалидско осигурување. На самиот старт сакам да кажам дека од комисиска расправа излеговме со убедување дека тие што го предлагаат овој закон не се против пензионерите и обратно. Ние што го негираме овој закон не сме против работниците и стопанството. Меѓутоа, мислам дека треба малку да се набљудува овој закон за да не донесеме парцијални решенија со кои што ќе предизвикаме да има несакан: последици пред се за Фондот за пензиско инвалидско осигурување.

Имено, со дадениот предлог се создава основ за плаќање на придонес за помала основица од една страна што значи помал прилив на средства а од друга страна се заборава дека со Законот за пензиско инвалидско осигурување се гарантира остварување на најнизок износ на пензија кое како стекнато право речици една половина од вкупниот број на пензионери мора да им се гарантира, со тоа што се ствара дефицит кој што мора да биде обезбеден. Јас не сум убеден дека во овој период тој дефицит може да биде покриен со буџетот. Значи доколку се прифати ќе треба да се обезбедат дополнителни средства, а истовремено за во иднина ќе треба да се укинат најниските износи за идните корисници на пензија што во праксата ќе предизвика многу ниски пензии, што секако не е интерес на осигурениците.

Второ, со предлогот на законот во Фондот месечно приходите ќе се намалат дури за 70 милиони денари,или годишно тоа значи за 840 милиони денари, што претставува една половина од едномесечна

исплата на пензиите. Тоа се некаде околу 60 милиони германски марки и мислам дека некоректно е и оваа говорница денеска да ја користиме и да даваме изјави дека пензиите каснат.

Исто така, прифаќањето на овој закон значи дека ние како Собрание ќе ги фрлиме во вода сите оние мерки кои што ги донесовме и што ги постигнавме. Само да потсетам со на двапати донесените измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Тоа се беше во функција на рестрикција на трошоците во Фондот, а исто така ќе го фрлиме во вода и решението во Буџетот на државата, годинава за балансирање на приходите и расходите во Фондот за ПИОМ предвидиме дополнителни средства од милијарда и триста милиони денари.

Трета работа, мислам дека треба да расчистиме дека ова прашање не треба да го користиме како маркетинг ниту за стопанството ниту за пензионерите бидејќи едноставно не одговара ниту на едните ниту на другите. Јас предлогот на законот го сметам како парцијално решение кое носи штета на Фондот, а мислам дека нема да ја подобри ниту состојбата во стопанството.

Незгоден предлог, кој доколку се прифати и покрај тоа што инсистираат предлагачите може да направи таква клима во државата да и оној придонес што сега се плаќа да не се плаќа. Имено, по расправата во Стопанската комора меѓу Комората и Синдикатот кога се најави дека овие правни лица што се во тешка финансиска состојба, има некој излез да бидат ослободени од придонесите тоа се врати како бумеранг, па и тие што се во лоша ситуација и оние што се во добра ситуација очекувајќи некакви решение не плаќаат придонес. Мислам дека тоа е причината што сега Фондот се гуши во финансиски проблем. Затоа можеби е добро од една ваква ситуација да се излезе со убедување дека никој не посакува да го уништи стопанството, напротив најмалку Фондот,

бидејќи Фондот е толку моќен колку е моќно стопанството и јас во оваа прилика сакам да потсетам дека Фондот води максимално флексибилна политика спрема претпријатијата и правните лица, посебно кога е во прашање плаќањето на придонесот. Се надевам дека и предлагачите на овој закон, фирмите кои што ги претставуваат, или ги преферираат тоа го имаат осетено. Фондот никогаш не бил настојчив и никогаш не водел политика со која што имал задни намери некоја фирма да ја затвори. Токму затоа доколку заедничка цел е тоа треба да се инсистира на преземање на посеопфатни мерки и тоа час поскоро, бидејќи доколку тоа не го направиме ќе немаме ниту фонд ниту стопанство.

На крајот сакам да го презентирам ставот на Законодавно - правната комисија која што констатира дека нема потреба од донесување на закон за изменување на Законот за пензиско инвалидско осигурување бидејќи не придонесува за надградба на правниот систем како и поради тоа што со парцијални измени на овој закон не можат да се разрешат финансиските проблеми кај правните лица. Од тие причини предлагам Собранието на Република Македонија, односно вие почитувани колеги да не го прифатите Предлогот за изменување на Законот за пензиско инвалидско осигурување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Очигледно се работи за една специфична материја и затоа ние како предлагачи заедно со колегата Панче Насев отидовме доста внимателно со овој предлог да се разгледува во две фази. Очигледно и на комисиите и од дискусиите на пратеници кои што поинаку можеби размислуваат е дека треба да се најде покомплексно, подолгорочно и потрајно, но затоа и пореално решение. Не случајно ние како предлагачи ги увидуваме последиците. Нема причина да не веруваме на Владата кога ги изнесува бројките кои што ќе претставуваат во моментот кусок во

Фондот и кои што нормално ќе треба да се надополни од; некои други извори. Очигледно е дека посточкиот закон за зафаќање е во коалиција и во спротивност со Законот за плати. Според тоа една причина повеќе дека некои измени мора да се направат. Дали ќе се измени Законот за плати и тогаш нормално овие зафаќања ќе претставуваат некаква реалност на она што значи гаранција, гранка или групација во однос на она што е републички просек Мојот колега Мирко Пецов убаво нагласи дека просекот на платите расте, но за жал тоа за мене и за сите нас е нереален раст. Просечниот раст се должи на се поголемиот број на вработени кои што одат како технолошки вишок, како стечајни работници, на се поголемиот број кои што немаат редовни работни места и практично статистиката се сведува на онаа категорија на вработени кои што земаат уставно земено редовен личен доход во претпријатијата или фирмите. Ние со овој закон не бараме никаква привилегија. На крајот на краиштата бараме овие гаранции кои што се значаен број, околу 50% своите издвојувања да ги базираат на она што значи просек на гранката спрема критериуми на Заводот за статистика и информациите што ги добиваме. Ние не бараме никаква привилегија.

Второ, треба да се сфати јасно дека со усвојувањето на овој закон, за кој што предлагаме да оди во две фази воопшто ниту се задира ниту може да се задре, во евентуалното намалување на пензиите на сегашните и идните корисници. Сегашните корисници ќе имаат пензии кои што ги имаат, а идните корисници мора да добијат она што значи минимална пензија во оваа држава.

Трета, можеби најважна работа, ако во Буџетот на Македонија 25% оди за социјални програми или потреби и јас сега би го поста- вил ова прашање малку инверзно. Дали имаме интерес ние со реално зафаќање на овој придонес да овозможиме една релаксација на стопанските субјекти со тоа што ќе плаќаат реален придонес, место тоа ризикуваме

тој придонес да не се плаќа, како што не се плаќа, да се прават разни манипулации и се најлошо. Да имаме реална опасност уште поголем број на вработени да одат во центрите за социјална помош. Практично индиректно да мораме да ги зголемуваме средствата што треба за таа минимална социјална заштита. Што е подобро сега за оваа држава. Да инвестира свесно во тоа да стопанството самото си се носи со проблемите, што помалку ни лиферува тоа стопанство социјални случаи, или пак да одиме вака без да имаме чувство и практично да мораме тие средства утре да ги дадеме, секако во поголем износ. Предлагачот поаѓаше од тоа дека е подобро на овој начин она што го велиме постојано, заживување на стопанството, поддршка, вработување и тн. свесно таму да овозможиме една минимална релаксација. Таа бројка не е толку значајна колку што значи дека и ние како Парламент, како Влада и како ресорно министерство сакаме да имаме стопанство кое што во краен случај самото ќе се издржува. Тоа значи ќе може да има ако не повеќе барем проста репродукција, а знаеме што значи тоа. Тоа значи подмирување на сите овие давачки. Според тоа намерата е ниту политички маркетинг, ниту да застапуваме одредена гранка затоа што 50% од стопанските субјекти се во ова категорија кои што земаат многу подолу испод Републичкиот просек, а мораат овие издвојувања да ги направат врз база на она што значи сега- шен закон. Донесувањето на оваа одредба пред две ипол години требаше да претставува времена мерка, додека не се регулира и не се урамнотежаа сите овие односи. Затоа мислам дека треба да се сфати најкоректно, најискрено со сите ризици кои што можат да произлезат, но мислам дека ризиците свесно н^кој ги протежира, ги фаворизира да ние денеска донесеме одлука дека има потреба од донесување на една ваква интервенција во Законот со тоа што во втората фаза тука сме, ќе видиме. Не значи дека ние ќе бидеме ѕид и нема евентуално да прифатиме некои нови аргументи. Би

сакале сепак да бидат тоа аргументи кои што би значеле заживување на производството и повисоки лични доходи во овие стопански субјекти.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами)и господа, во суштина Предлогот за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурува да не навлегуваме дали е маркетиншки или немаркетиншки и тн., суштински произлегува од недоволната еволуција на нашиот систем за пензиско инвалидско осигурување и од нашиот систем за социјално осигурување. Всушност ова што го предлага предлагачот на законот постои, меѓутоа во друга форма како вид на разни системи односно разни специјални системи или додатни системи на социјално осигурување во разни држави од Западна Европа. Мислам дека предлогот е преран и мислам дека еволуцијата на нашето социјално законодавство и на целото социјално осигурување треба да оди кон оваа насока односно во државата да се конституираат овие специјални и додатни режими на социјално осигурување.

XII/1.-РД/ЈИ

**НАНО РУЖИН**; (продолжение)

И веројатно и ние ќе дојдеме до тоа што постои всушност до западно европските режими на социјално осигурување. Меѓутоа, предлогот не го прифаќам од проста причина, што ова е само еден вид на дошминкување на актуелните закон за социјално осигурување. Мислам дека е потребно една по многу пореволуционерна промена во целиот закон за социјално осигурување, според тоа можеби ќе дојде до еден вид приватизација. Ќе постојат повеќе фондови. Или упростено речено од една гранка имав можност да котираат што поголеми средства, тие ќе може да имаат поголеми пензии итн. Тоа во Западно - европските држави се вика додатно или специјални режими на осигурување. Според тоа сметам дека покрај добрите интенции на пратеникот, сепак сметам дека овој предлог закон кој што веројатно има и добри страни сепак треба да го одбиеме и да го доставиме на една стручна екипа на луѓе, кои што еден ден поаѓајќи од реалните можности на нашето општество ќе изготви еден таков закон.

**НАСЕР ЗИВЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа Не се сомневам на добрата намера во предлагачите на законот за измени и дополнувања на Законот на пензиско и инвалидско осигурување. Напротив, ги ценам нивните залагања макар и на овој начин да се придонесе за излез од тешката економска состојба во која се наоѓаат повеќе економски субјекти, вклучувајќи ги и тие за кои се однесува одредбата која се предлага во измените на Законот. Меѓутоа, сметам дека пратениците не треба да го прифатат законот за изменување и дополнување за пензиско и инвалидско осигурување, меѓу другото од она што беше кажано досега од пратениците и од следните причини.

XII/2.-

Прво, решението кое се нуди е парцијално решение што значи регулира само прашање на приходната страна во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, односно измена на одредбата од член 260 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кое се регулира основата за пресметување на придонесот за плакање на пензиско и инвалидско осигурување, т.е регулирајќи само прашањата на приходната страна, автоматски ќе се појавува дефицит и онака од тешките состојби во фондот за пензиско и инвалидско осигурување и според пресметките направени во фондот тоа би изнесувало месечно околу 70.000 денари или годишно околу 4 84.000 денари.

Второ, прашањето на пресметувањето на основицата за пресметување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување е регулирано со Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Оттука тоа е важечка одредба, а не одредбата на член 5 од Законот за плати кои генерално го регулира прашањето. Во случајот лекспецијалист, односно одредба според која треба да се пресметува основата за плаќање на пензиско инвалидското осигурување е Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Трето, со евентуалната промена,ние сме убедени дека воопшто нема да се подобри состојбата за субјектите кои ги тангира одредбата на Законот, од причини што ова би била само една интервенција. Излезот од ваквата состојба, сметаме дека треба да се бара од други решенија, создавање на подобри услови за стопанисување на економските субјекти.

Четврто, сметаме дека само со ваква интервенција и онака ќе продолжи влошувањето на состојбата на Фондот и постојниот дефицит и понатаму ќе се зголемува и ќе се доведува во прашање редовноста за исплаќање на пензиите и

Петто, и претпоследно е тоа главницата за пресметување за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување е во согласност и хармонија со правата со кои произлегуваат од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, имајќи предвид дека државата гарантира минимални пензии, кои се поголеми од стапката на придонесот која се плака. И оттука, дискрапанцата е неприфатлива од тие причини, а државата стои понатаму дека меѓу другото функцијата на системот за пензиско и инвалидско осигурување и солидарноста и социјалниот карактер.

Шесто, сметаме дека предлогот не треба да се прифати од причина што, како што нагласи пратеникот Нано Ружин, ние сме во фаза на комплетна реформа на пензискиот систем. Тоа е значи ние сега истражуваме решенија да извршиме реформа во постојниот државен пензиски систем и во тој случај едно од прашањата ќе биде и основицата за пресметување на придонесот, но ќе ги разгледуваме и другите прашања како што е прашањето на стапката на придонесот. Според наши информации наши соседи имаат и те како повисока стапка на придонес. Ќе видиме дали ќе стои уште понатака заменската стапка од 80% што е меѓу повисоките во Европа, па ќе видиме условите за пензионирање и низа други комплексни решенија кои треба да нудат излез од постојната ситуација на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, и тоа е една од прашањата кои треба да следат во реформата на пензискиот систем, од причини што друго што треба да следи е воведувањето на приватните шеми, односно приватното пензиско и инвалидско осигурување, кое треба да биде како дополнување на постојното државно, кое според природата на нештата не може да обезбеди дополнителни средства, од причина што Фондот за пензиско и инвалидско осигурување само врши трансакција на средствата кои се прибираат од придонесите од другите извори и ги дистрибуира до пензионерите, односно граѓаните кои остваруваат права

согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Додека приватните шеми се тие кои треба да обезбедат дополнителни средства и дефицитот кој ни се појавува сега, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување треба да се премости преку капитализација на средства кои ќе се издвојат од придонесите, кој веројатно ќе треба да нудиме комбиниран модел од задолжителни и доброволно осигурување и тие средства да припаѓаат на капитал се оплодуваат и средствата да се влеваат во фондот и така да се понудуваат пензиите без тешкотии со кои сега се судруваме.

Со еден збор, сакам да кажам дека ние сега сме во таа фаза и од тие причини сметам дека тогаш може да се разговара и за прашањето кое го покренуваат предлагачите на Законот, но во тој случај ќе се разгледуваат сите можни решенија да не се појавуваат можните деф4екти кои во случај на прифаќање на понудениот текст, автоматски ќе се рефлектира дефицитот и онака ќе ја влоши лошата состојба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Имајќи ги во предвид сите овие многу други аргументи кои можат да се внесат во моментот контра тезата за прифаќање на предлогот, ги молам пратениците да не го прифаќаат предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор г- дин Пецов еден од предлагачите на законот.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Сепак јас сакам да го прашам министерот кога ќе биде новото решение бидејќи го разбирам министерот, си го брани фондот, претседателот на Управниот одбор и слично, но сепак тоа не е маркетинг

како што рекоа, тоа стварно тежи и во систем ако сме ние, социјално пазарен систем, не може најниско платените работници да го држат Фондот бидејќи најниско платените работници одвојуваат дупло. Каде што има над 3.000 илјадарки, на пример во Кожарство имаат 2.700, а да одвојуваат придонеси на 5.730, значи тој одвојува 105% повеќе од другите што имаат. Значи во социјално општество богатите ги помагаат сиромасите. Кај нас е изопачено сиромасите ги помагаат богатите. Сиромасите тоа повеќе не можат да го прават и затоа го прашувам министерот кога ќе биде новото решение, да знаат луѓето до кога да чекаат.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Погрешно да не се сфатиме, јас ниту реков, дека се прави политички маркетинг, напротив реков дека ги разбирам добрите намери на предлагачите.

Што се однесува до тоа кога може новиот проект да се најде пред вас, односно пред Владата ќе го изнесам следното:

Пред извесно време Владата на РМ доби еден кредит од Владата на САД за техничка помош во областа на системот на пензиско и инвалидско осигурување. Во исто време Американската Владаа ангажира консултантска група "Карана корпорација" која работи на истражување модели за реформа на пензискиот систем во РМ. Пред извесно време јас имав прилика да престојувам во Вашингтон - Америка каде што разговаравме токму за овие прашања. Според преговорите од динамиката и програмата што за преговори со ММФ и Светска банка

решенијата измените на решенијата во Законот за пензиско и инвалидско осигурување треба да се чекаат до втората половина на 1998 година. Конечните решенија треба да се нудат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

2. Предлагачите на законот, пратениците Мирко Пецов, Томислав Стојановски, Панче Насев ќе изготват и на Собранието ќе му достават предлог на закон при што ќе ги имаат предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието,

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, предлозите и мислењата од расправата на седницата да се достават до предлагачите на законот.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? Единаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 16 - Предлог на одлука за организација и делокруг на Службата на Собранието на РМ.

XII/7.-

Предлогот на одлуката и Извештајот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

(бара збор г- Биљали)

Задоцнета реакција г-дине Биљали.

Г-дин Биљали има збор.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, јас, тука, очекував од предлагачите некој да одржи воведен збор во однос на Предлог одлуката, меѓутоа тоа е право на предлагачот.

Најпрвин, и како претседател на Комисијата за политички систем и како член на неколку комисии посебно ЗПК, не ми е јасно зошто предлагачите не дојдоа пред комисиите односно пред членовите на комисиите да го образложат нивниот предлог по однос на организацијата и делокругот на Службата на Собранието на РМ.

Без оглед на тоа, јас тука ќе изнесам некои свои видување во однос на овој предлог. Логично е што се предлага таква одлука од причина што ние сега фактички право имаме нова структура на политички систем, имаме нова економска структура, имаме нова правна структура и ние сега не само што реално имаме пвоеќепартиска струк тура, имаме повеќепартиска средина, повеќепрартиски амбиент, туку имаме и ново дефинирање на Собранието како посебна власт, како претставничко тело на граѓаните итн. за разлика од минатиот систем кога Собранието се дефинираше врз делегатска основа.

Значи оваа структура, организациона структура и функционална структура на Собранието и дефинирањето на Собранието како посебна власт ја зголемува одговорноста на ова тело, а тоа истовремено бара и зголемување и на професионалната и на организационата форма и компетентност на оваа структура. Значи, тука се менуваат позициите на оваа власт и од организационен аскет и од функционален аспект и не само во однос на Собранието како посебна власт,туку во однос работните тела на Собранието.

Во образложението на Предлог одлуката предлагачите наведуваат дека со оваа одлука ќе се воведе повисока форма, повисока организациона форма, ќе имаме повеќе ефикасност во работењето, ќе имаме рационалност при работењето, креативност,  компетентност итн. и, сето тоа држи. И, реално во предлогот има односно предлогот содржи, според мене некои важни иновации, а тие првенствено се однесуваат во однос на аналитичко истражувачката дејност, стручно аналитичката дејност, библиотеката, документацијата итн., потоа се предвидуваат посебни работни сектори, односно кабинети, бироа итн. и се тоа со цел за подобро организирање.

Моите забелешки се следните:

Прво, во Секторот предвидува во Предлог одлуката воведување на посебен сектор кој ќе се вика Сектор за меѓународна соработка. Јас сметам и во консултации со некој колеги тука дека тука дополнително треба да постои посебен протокол кој ќе ја организира оваа област, односно меѓународната соработка, од причина што не само што се работи за посебна власт која што досега се служеше во голема мера од протоколите на Владата на РМ, сметам дека оправдано е да се има посебен протокол, организиран протокол од причина што од тој протокол се глед имиџот, авторитетот и позицијата на законодавната власт, односно на Собранието.

Второ, се предвидува дека за подготвување на законите и другите акти се надлежни Секторот за законодавство, а потоа дополнително и Секторот за работни тела на Собранието. Така тоа ова може да доведе до своевидна конфузија односно се поставува прашање кој е конкретно одговорот за објавување на закони други акти.

Трето, статусот на секретарот на Собранието се дефинира како статус на функционер кој раководи со органите на управата. Тука не се дефинира ни нивото, не се дефинира ни рангот. Јас сметам дека треба да се дефинира како јавен, статус на јавен функционер.

Четврто, се предвидува воведување на колегиум каде ќе учествуваат повеќе структури на Собранието и тука ништо понатаму не пишува кој ќе го има последниот збор односно тука не може да има гласање, нормално, од причина што секој дејствува од различни позиции и компетентност, туку како кога ќе имаме различни мислења а тие мислења имаме право да се разликуваат, чиј избор ќе биде последен. Во Предлогот тоа не стои.

Петто, мислам дека Предлогот во некои решенија доведува до преголема администрација.

XIII/1.-JM/OM

**МЕРСЕЈ1 БИЉАЈ1И** : (Продолжение)

А тоа е во спротивност со начелото на ефикасноста на работата на Собранието. Еве на пример се предвидува Републички советник се предвидува виш советник на претседателот на Собранието, се предвидува самостоен советник, се предвидува шеф на кабинетот и т.н. и се тоа може да биде административен коктел.

Шесто, шеф на кабинетот треба да дејствува по препораките односно упатствата на претседателот на Собранието и на секретарот на Собранието. И тука исто така може да се постави прашање што ако препораката на претседателот на Собранието е во колизија со препораката на секретарот и како ќе постапува шефот на кабинетот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Се работи за исклучиво значаен акт кој се однесува на организирањето и функционирањето на службата на Собранието и на неговите работни тела. Со воспоставувањето на нов политички, економски и правен систем во РМ се измени позицијата и структурата на Собранието на РМ. Овие крупни, односно би рекол темелни промени се рефлектираат и на позицијата на Собранието во политичкиот систем кој пак претставува промена во организацијата и функционирањето на Собранието и на неговите работни тела. Предложениот концепт на одлуката претставува реорганизирање на Службата, а која има за цел да постигне поголема ефикасност, да биде по рационален како и одговорноста да ја подигне на повисоко ниво во остварувањето на функциите на Собранието кои произлегуваат од уставната позиција и надлежноста на Собранието како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Поаѓајќи од тоа се надевам дека после овој акт, значи за организација, односно одлука за организација и делокруг на службата на Собранието на РМ ќе има и

нова систематизација во Собранието, односно нова одлука за систематизацијата на работните места. Мислам дека што се однесува до предлагачите ние како пратенички групи односно како координатори на пратеничките групи неколку пати имаме добиено писмо, или добивме писма за нашите сугестии односно нашите мислења во врска со оваа предлог одлука. Поаѓајќи од тоа дека веројатно расправавме сите во нашите пратенички групи за оваа Предлог одлука, тогаш со амандманите кои се предлагани, односно ги предложи Комисијата за избор и именувања, мислам дека веќе и Предлог одлуката добива и во содржина, добива и во тоа што значи полесно спроведување на истата во Собранието. Исто така од искуството, не е тоа јас да проценам, но кога се работи за еден ваков акт треба да покажеме сите еден поголем интерес за една ваква одлука затоа што една ваква одлука, една нова организација, односно организација и делокруг во Собранието значи многу и за статусот и позицијата на самиот пратеник во ова Собрание и надвор затоа што неколку пати не јас, и други пратеници кажале на оваа говорница дека токму ние можеме да влијаеме со нашето однесување и со нашата позиција за нашиот статус како пратеници. Во исто време треба да внимаваме и со нашите соработници односно со нашата служба тука во Собранието. Затоа што ако дозволиме нашата служба да нема статус и позиција за која веројатно треба да се избориме сите ние заедно тогаш ефикасноста во нашата работа нема да биде како што треба И затоа со оваа одлука ние веќе создаваме и претпоставки и регулатива која овозможува да имаат мериторен статус и службите во самото Собрание. Затоа што јас можеби ќе направам една дигресија, меѓутоа да се работи кога правиме една компарација за една служба во едно јавно претпријатие и служба во Собранието на РМ само споредбата да ја прави ме во нивните лични доходи не треба никаков коментар затоа што

XIII/3.-

личните доходи на оваа служба и на луѓето со кои ние тука работиме е крајно, мислам на ниво кое навистина не може да не се споредува, дури и понижувачко е. Исто така, размисливме во пратеничката група па и јас каде да интервенираме во актот, односно во Предлог одлуката за националната структура во службите на Собранието и другите функции. Верувајте ми дека не можевме затоа што се работи за Предлог одлука што навистина не оди сега ние да предлагаме член кој ја подобрува националната струк тура во службите на Собранието на РМ, туку поаѓаме од тоа дека ако ние како говорници, како пратеници, или мојата пратеничка група се залага за учество во институциите на државата и не прифаќа никаква пасивност туку сакаме активно да учествуваме во сите институции за и ние да чувствуваме и одговорност во изградбата и во формирањето и конституирањето на институциите т.е демократските институции. Ако на оваа говорница го кажеме тоа , а оваа говорница е во Собранието на РМ, тогаш се прашуваме каква ни е таа национална структура во самите служби на Собранието односно во сите тие сектори што се предвидени и со оваа Предлог одлука. И се повикуваме, сега јас само на тоа ќе се повикувам имаме еден заклучок во Комисијата за прашања на изборите и именувањата во која исто така едногласно се изгласи еден заклучок дека ред е и време да се подобри таа национална структура, односно учеството на претставници на националностите во службите на Собранието Мислам дека со амандманите кои се предложени ќе имаме една добра Предлог одлука, односно една добра одлука што имплицира се разбира и други акти и документи и се надевам дека ќе следи и реорганизација од која ќе бидеме сите задоволни, односно да немаме во службите луѓе кои се премногу ангажирани и луѓе кои се премалку ангажирани. Колку што чита- ме и во образложението на Предлог одлуката добила виза и од една американска асоцијација што значи дека се надеваме дека ќе имаме добра Прелог одлука и добра организација во нашето Собрание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас му благодарам на г-динот Рамадани бидејќи после негова та дискусија јас како еден од предлагачите не чувствувам потреба за дополнително образложение.

Молам, дали некој друг бара збор.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал неколку зборови накратко да кажам . Ако почнеме работите логично да ги следиме мислам дека одлуката за реорганизација и делокруг на службата треба да ја гледаме како одлука која исклучиво служи за квалитетно обавување на функциите на Собранието на РМ под што подразбирам дека законодавната функција која ја извршуваат директно пратениците во Собрание веројатно се најсуштинскиот елемент на функциите на Собранието се разбира дека има и уште некои кои се во насока на обавување на оваа централна функција. Јас би сакал од таа позиција да гледаме од позицијата на обавувањето на законодавната дејност на ова Собрание, или пошироко доколку не е сето во тоа уставната позиција и надлежностите и позицијата на нас пратениците во Собранието и стручните служби кои се некаква поткрепа за обавувањето на нашите јавни овластувања и функции. Од тој аспект сметав и сеуште сметам дека делот два организацијата и делокругот на Службата на Собранието требаше да доживее одредени промени во насока дека активностите на Собранието ако ги исклучиме техничките активности кои се во функција на дејноста како што се библиотекарството, секторот за одржувањето на седниците, за информирањето, информационите центри, општите, заеднички и други работи треба да се некако повеќе во насока на обавувањето на законодавната дејност во Собранието. Имам впечаток дека секторите за истражување и анализи, секторот за законодавство, секторот за работните тела на Собранието и секторот за

XIII/5.-

меѓународната соработка на Собранието не се доволно балансирани во сегашната позиција. како што функционира Службата во Собранието, па произлегува од оваа одлука дека и понатаму ќе постои да кажам одреден дебаланс во смисла дека прво така наречениот Сектор за работни тела на Собранието е во страшно не поволна состојба. Имајќи предвид дека нашето видување е дека најголем дел од високостручниот кадар во Собранието кои ние исклучително го цениме не е директно во насока на подготвувањето на пратениците за извршувањето на својата дејност, за својата работа. Ние од тој аспект сме многу хендикепирани во однос на другите делови од државните органи, особено во однос на Владата која за разлика од нас има стручни служби по обем и по поставеност кои се нормално и логично поставени да бидат супериорни во однос на нашата служба. Меѓутоа, мислам дека и нашите сегашни потенцијали сепак не се толку за проценување за да ние бидеме хендикепирани во тој дел до максимум. Сметам дека е потребен еден поинаков пристап во кој пратениците ќе имаме многу повеќе додаток, или прилив на информации стручни и други, многу поголема поддршка во подготвувањето на нашите настапи, во подготвувањето на нашите работни тела во извршувањето на својата функција отколку што сега службата како што е поставена функционира, а мислам дека со овој капацитет може и подобро да функционира. Имено нас ни е на сите јасно дека комисиите во кои во најголем дел ја обавуваме својата работа пред овие пленарни седници на Собранието се најчесто составени од секретар на комисија или во некоја комисија уште по еден советник. И комисиите најчесто своите мислења ги градат врз основа на мислењата на пратениците индивидуално без поголема стручна поддршка од службите. Убеден сум дека доколку се случи некакво прераспределување во втората глава на организација и делокруг на службата и на организационите единици во корист

на работните тела дека ние како пратеници ќе можеме по ефикасно да ја извршуваме нашата работа во ова Собрание.

Второ, иако очекував претседателот на Комисијата за надворешни работи да соопшти, еве јас како член на таа комисија да кажам едно мое видување . Искуството кое го имаме во ова Собрание толку колку што го имаме во овие два мандати укажува дека исто така постои сосема очигледен и не логичен дебаланс на поделбата на помошта што се случува во секторот за меѓународна соработка на Собранието и во Комисијата за надворешна политика на Собранието. Апсолутно сметам дека е потребна поголема стручна или логистичка поддршка на Комисијата за надворешна политика па дури и во дел од надлежностите што се опишани во член 13 на оваа одлука во корист на Комисијата. Вака ние со одлуката што денес ја носиме ја истргаме чергата од нозете на Комисијата да може да ја обавува квалитетно и стручно својата работа од една страна, а од друга страна апсолутно го негираме правото и на Комисијата да врши координација на меѓународната активност на Собранието на РМ покрај обавувањето на дејностите кои произлегуваат од точките на дневен ред. Ние знаеме дека имаме само неколку парламентарни делегации 5, или 6 на Република Македонија кои обавуваат во меѓународните институции своја дејност чија координација апсолутно е недостапна до Комисијата за надворешна политика. Со ваков начин на уредување мислам дека ќе се прелее во некаква координација каде што пратениците не можат да имаат свој однос кон тоа. Значи координацијата ја врши сектор во чија структура се стручни служби и на чие чело е именуван член на стручната служба, меѓутоа неговата вертикала апсолутно не завршува по мое мислење таму каде што треба, а тоа би било и, зборувам и, а не само и во Комисијата за надворешна политика каде што сите овие информации, мислења, ставови, па дури и техничка организираност на некои работи би се координирале.

XIII/7.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека е добро што отворивме расправа по ова прашање. Јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика ш како пратеник еве повтор мандат чувствувам потреба дека сепак е добро што еднаш се сетивме да направиме една одлука и направивме една но организација на целокупната управа, односно служба во ова Собрание со единствена цел да имаме по квалитетна услуга и комисиите и пратениците да бидат по квалитетни во расправата и во однос на донесување одредени конкретни законски проекти. Овде Поповски рече дека единствено барем засега Комисијата за надворешна политика таа контактира со светот и гледам дека дури и повеќе отколку што треба. Ние како комисии, другите, еве да речеме Комисијата за труд и социјална политика и да не кажам другите ние за 6 години, 8 години не излеговме од ова Собрание никаде ниту комуницираме ниту имаме некакви паметни информации кои би можеле да ги пласираме тука во рамките на Собрание Можеби тоа е хендикеп. Еве овде пак во оваа одлука се предлага еден ресор за меѓународен контакт, дај боже да оваа Комисија барем коптиа и други членови од другите комисии. Најверојатно Гештаковски ќе каже дека и тој како претседател на ЗПК не мрднал од ова Собрание за да ги види другите искуства. Лично сметам , мене ми е жал да Ви кажам искрено сум изненаден колку ова Собрание и колку нивната библиотека, односно библиотеката во Собранието е не доволно опремена со стручна литература и други информации со единствена цел и ние како пратеници и стручната служба да има голема можност да прочита, да се информира со единствена цел па на крајот на краиштата тоа да биде и едукација за да можеме по квалитетно да расправаме за одредени проблеми. Ќе побараме било какво закон, да не кажам било каква стручна литература од било кои домени, верувајте во ова

Собрание ги нема. Тоа е жалосно и викам дека ние можеме да направиме не знам каква организација. Јас сум презадоволен од стручната служба, од луѓето кои работат тука, меѓутоа и луѓето тука што работат немаат никакви услови. Што значи дека немаа никаква комуникација со надвор, немаат можности да прочитаат одредена литература да консултираат. И се прашувам на кој начин тие можат сега да бидат доволно информирани за да ние бидеме поквалитетни. И во тој правец ја подржувам одлуката меѓутоа предлагам до секретарот, секретарот да направи напори заедно со Претседателството да ја збогати библиотеката во ова Собрание со единствена цел да ние како пратеници имаме доволни информации. Во меѓувреме дури предлагам до Собрание' да се предложи и еден закон за пратеници бидејќи досега немаме таков закон , а со тој закон би ги регулирале тие односи.

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (продолжение)

Пратеничката група има посебна служба која опслужува со посебна канцеларија, посебни надгледни средства итн. Тоа е единствена цел ако сакаме ние и Европски да размислуваме. Тоа е примерот на Словенија, на Хрватска, на Југославија, еве, доаѓаат луѓе од Русија, доаѓаат од други места, мислам сето тоа оди во прилог на некој начин да бидеме доволно информирани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Предлогот за донесување одлука за организација и делокруг на службата според мое мислење, би требало да придонесе за подобрување на организацијата на работењето во Собранието и во таа смисла сметам дека ќе придонесе за поефикасно организирање на работењето во Собранието.

Од одделни пратеници беа искажани одредени мислења кои сметам дека вреди да се имаат предвид посебно во поглед на покриеноста на работењето на работните тела односно комисиите кои вака како што се оставени само со по еден секретар или евентуално некаде со друго лице кое ја покрива работата, барем ние кои ги водиме овие комисии, мислам дека го делам мислењето на повеќе претседатели на комисии дека не ни е обезбедена соодветна поддршка за нормално од- вивање на работата на комисиите. Така што во поглед на работењето на комисиите се е оставено на тоа што ќе биде кажано од страна на пратениците и како ќе се снајдат самите пратеници без некоја соодветна помош од страна на стручните служби. Во овој поглед, сметам дека би требало да се направи еден мал исчекор односно да се понудат соодветни стручни лица кои ќе можат да придонесат за поквалитетно одвивање на работата во Собранието.

XIV/2.-

Второ прашање, кое сметам не беше истакнато тука, тоа е прашањето односно положбата на пратеничките групи кои со оваа организација, или барем јас не успеав така да најдам некое соодветно место во кое се третира и позицијата на пратеничките групи, односно можноста ^пратеничките групи да ангажираат одреден број на луѓе или пак нека биде тоа само еден, советници кои ќе им помагаат во вршењето на своите работи на пратениците. Знам дека на некој начин тоа е покриено со стручната служба, која и досега им помага на пратениците во вршењето на својата работа, но ангажирањето на посебно лице кое би било избрано од страна на пратеничките групи, кои би вршеле работите стриктно во координација со пратениците, одредена пратеничка група, сметам дека би помогнало во смисла на поквалитетно вршење на работите на пратениците, односно осмислување на политиката на пратеничките групи во Собранието.

Во оваа смисла, не би било на одмет да се каже дек а ние како пратеници забележуваме дека постои - тоа и Исмет Рамадани го кажа координаторот на нашата пратеничка група дека се чувствува големо незадоволство од страна на стручната служба, кое сметам дека е оправдано, од несоодветното наградување за нивната работа во Собранието. Имено, често пати сме биле сведоци на долготрајни расправи во Собранието, а информациите кои ги имаме и од страна на раководните луѓе во Собранието тоа е дека нивната работа не може, поради законските рамки во кои се ограничени овие примања, посоодветно да се награди, односно нивниот труд да се вреднува. Сметам дека во оваа смисла треба да се направи нешто и барем во ситуација кога се подложи на дополнителни напори, поврзани со долготрајните седници на Собранието, би требало да се изнајде соодветен начин за нивно наградување

XIV/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата поднесен амандмани на член 1 и во целиот текст на Предлогот на одлуката за заменуваше на зборовите "служба на Собранието" со зборот "служба"; на член 3 за менување на ставот 3, член 13, член 15, член 17, член 21, за менуваше на став 1 Глава III точка 2, член 23, за менување на член 24, за менување на редоследот на членовите 25 и 26, член 26 за менување на ставот и на ставот 2 и на член 36 со кои предлагачите се согласиле и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Алил Џафероски поднесе амандман на делот 3 точка 1, со кој се согласиле предлагачите на одлуката и тоа е составен дел на текстот на предлогот на одлуката.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?
64 пратеници гласаа за.
Дали некој има против?
1 пратеник е против.
Дали некој се воздржува од гласање? (Ниту еден)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за организација и делокруг на службата на Собранието на Република Македонија.

Јас сакам да ве замолам нешто, бидејќи не само што нема присутни претставници на Владата, туку Владата очигледно е пред реконструкција, точката пратенички прашања да ја одложиме за првата прилика кога ќе бидеме во можност и кога ќе има поголем број на министри.

Утре продолжуваме во 11,00 часот, а ги молам надлежните комисии кои во меѓувреме ги добија извештаите на Владата да заседава^ и во 11 часот да почнеме, да продолжиме со новата седница.

(Седницата заврши во 16,10 часот).